# РАМКА ЗА КАРИЕРЕНО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ



euro | guidance

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

# Содржина


**01. ВОВЕД. .. 3**

**02. ДЕФИНИРАЊЕ НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ 5**

**03. ПРЕДИЗВИЦИ НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ КАЈ ДЕЦА СО ПОП 7**

**04. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАПИ ВО КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОП 13**

**05. НАСОКИ ЗА НАСТАВНИЦИ 6**

**06. НАСОКИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ 20**

**07. НАСОКИ ЗА ПЕДАГОЗИ И ПСИХОЛОЗИ ВО УЧИЛИШТАТА 23**

**08. НАСОКИ ЗА СЕМЕЈСТВАТА НА УЧЕНИЦИ СО ПОП 27**

**09. ЗАДАЧИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР 31**

**10. ИНДИВИДУАЛЕН ОБРАЗОВЕН ПЛАН (ИОП) 36**

**11. МОДИФИЦИРАНА ПРОГРАМА 38**

**12. АЛАТКИ ЗА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ СПОРЕД РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД, ВИДОТ И СТЕПЕНОТ НА ПОПРЕЧЕНОСТ 40**

**Прашалник за самооценување: „Колку добро можам да...?“ 47**

# 01 ВОВЕД

Современите општества се соочуваат со постојани технолошки, економски и социјални промени што суштински го менуваат начинот на живот, учење и работа. Во такви услови, кариерното советување и насочување се јавуваат како стратешки инструмент за развој на човечкиот капитал и поттикнување на вклученоста на сите граѓани во процесот на учење и работа [1] [2].

Во Македонија, потребата од функционален систем за кариерно советување и насочување станува сè понагласена, особено во контекст на европската интеграција и заложбите на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, која преку иницијативите на Еврогајденс центарот обезбедува поддршка за развој на образовни политики, мобилност и вработливост на младите. Овие иницијативи се усогласени со европската визија за доживотно учење и интегрирани системи на кариерно советување[3].

Кариерното советување и насочување претставува клучен механизам за овозможување рамноправен пристап до образованието и пазарот на трудот, особено за децата и младите со посебни образовни потреби (ПОП). Современите пристапи во кариерното советување воведуваат нови димензии во праксата, во насока на социјална инклузија, благосостојба и ментално здравје. Тие подразбираат приспособени услуги за кариерно водење и ги обликуваат на начин којшто одговара на специфичните предизвици со кои се соочуваат младите, особено ранливите групи како што се лицата со ПОП и мигрантите или раселените адолесценти, обезбедувајќи холистички пристап кон нивното доживотно учење и кариерен развој. Согласно ова, наместо низ призмата на ограничувањата, децата со ПОП се гледаат како носители на потенцијал кои имаат право на поддршка во развивање на своите способности, интереси и амбиции[4].

Во македонскиот образовен систем, Законот за основното образование (чл. 47)[5] предвидува програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение, реализирана од психолог или педагог. Сепак, современите европски практики ја препознаваат неопходноста од систематско воведување на кариерно советување уште од најраните училишни години, како средство за развој на самоефикасност, информираност и активна подготовка за живот и работа.

---

1 OECD (2021). Career Readiness: Why It's Important and How to Support It. https://www.oecd.org/education/career-readiness/ ;

2 Cedefop; ETF; European Commission (2021). Investing in career guidance: revised edition 2021. Inter-Agency Working Group on Career Guidance WGCG. https://www.cedefop.europa.eu/en/publications/2230

3 ELGPN (2015). Guidelines for Policies and Systems Development for Lifelong Guidance: A Reference Framework for the EU and the OECD. Jyväskylä: Finnish Institute for Educational https://www.elgpn.eu/publications/browse-by-language/english/elgpn-tools-no-6-guidelines-for-policies-and-systems-development-for-lifelong-guidance/ ,

4 UNICEF; ETF (2024) Learning for Careers. What kinds of career guidance and career education services do young people want in Europe and Central Asia? https://www.unicef.org/eca/reports/learning-careers

5 Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25

Во оваа насока, европските политики за образование и вработување предвидуваат воспоставување на инклузивни системи на кариерно советување кои се темелат на принципите на Универзалниот дизајн за учење (Universal Design for Learning – UDL)[6] , пристап кој овозможува флексибилно дизајнирање на наставата и советувањето со цел сите ученици без оглед на нивните индивидуални карактеристики – да можат да учествуваат и да напредуваат[7].

Особено важно е дека инклузивното кариерно советување[8] не е само техничка интервенција, туку и етичка и социјална практика која придонесува за создавање праведно и еднакво општество. Инклузијата мора да се сфати како процес на препознавање на различноста како вредност, а не како отстапување од нормата. Ефективното кариерно советување за учениците со ПОП мора да вклучува холистички пристап на индивидуално насочено планирање како и активна соработка меѓу училиштето, семејството и заедницата.

## Во таа смисла, рамката што се предлага во овој документ има за цел да:

1. Понуди теоретско и практично заснован модел на кариерно советување применлив во македонскиот образовен систем;
2. Вклучи инклузивна перспектива, со фокус на децата со ПОП;
3. Обезбеди насоки за наставниците, специјалните едукатори и рехабилитатори, педагози, психолози и родители, како партнери во процесот на кариерен развој.
4. Ваквата рамка не само што се темели на европските стандарди за животно учење и еднакви можности, туку е и одговор на домашните потреби за холистички пристап во образованието и професионалната ориентација.

Кариерното советување и насочување претставува комплексен, мултидимензионален и

6 CAST (2024). Universal Design for Learning Guidelines version 3.0. Retrieved from https://udlguidelines.cast.org

7 Quirke, M. C. (2024). How the Learning Experience of People with Disabilities Can Inform Career Guidance. Trinity College Dublin.

8 Berry, T. (2020). Applying universal design as a pathway to inclusive career education. New Brunswick's Future Ready Learning K-12 strategy aims to meet needs of all learners. https://ceric.ca/2021/01/applying-universal-design-as-a-pathway-to-inclusive-career-education/

# 02

# ДЕФИНИРАЊЕ НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ

интердисциплинарен процес. Постојат различни пристапи кон дефинирањето на поимот кариерно советување, во зависност од теоретската и културната традиција. Една од најприфатените дефиниции го опишува кариерното советување како структуриран процес кој им помага на поединците да го разберат светот на трудот и да донесуваат информирани одлуки за образование, обука и вработување[9]. Слично, OECD (2004)[10] го дефинира како севкупност на услуги кои им овозможуваат на луѓето – без разлика на нивната возраст или социјален статус – да управуваат со својата кариера низ целиот живот.

Современите теории на кариерниот развој го нагласуваат значењето на интеграцијата помеѓу личните интереси, вредности и способности, од една страна, и структурните можности на образовниот систем и пазарот на трудот, од друга страна. Таа релација претставува суштината на кариерното советување, кое не се ограничува само на информирање за професии, туку го гради капацитетот на поединецот да управува со сопствената кариера низ целиот животен тек.

Најчесто користена дефиниција во стратегиите и политиките на ЕУ за кариерно советување, го определеува истото како процес на постигнување максимална компатибилност помеѓу ресурсите, аспирациите и можностите на поединецот и реалната понуда во областа на образованието и трудот[11]. Оваа дефиниција ја истакнува потребата од системски и индивидуализиран пристап кој ја поврзува образовната политика со развојот на човечкиот потенцијал.

Кариерното советување, доколку е соодветно на потребите, треба идеално да претставува: систематска комбинација на структурирани програми за кариерно образование (како дел од наставните програми низ целото формално образование, со цел да ги опфатат цели генерации на ученици), квалитетни онлајн можности за самостојно учење и самопомош, како и персонализирани, индивидуално насочени услуги за кариерно советување што се нудат надвор од училиштето – и во

9 Watts, A. G. (1996). Rethinking careers education and guidance: theory, policy and practice. Psychology Press.

10 OECD (2004), Career Guidance and Public Policy: Bridging the Gap, Paris.

11 Коваческа, Маркоски и Шкоф (2024), Кариерно советување во основно, средно и високо образование. https://euroguidance.eu/publication-career-counseling-in-primary-secondary-and-higher-education

директна (лице-в-лице) форма и преку онлајн пристап[12].

Советот на Европската Унија го дефиницира кариерно советување и насочување како континуиран процес кој им овозможува на граѓаните, без оглед на возраста, да ги препознаат своите способности, компетенции и интереси, да донесуваат образовни, обуки и професионални одлуки, и да го управуваат сопствениот животен пат во учењето, работата и другите контексти во кои тие способности и компетенции се стекнуваат и/или применуваат. Насочувањето опфаќа широк спектар на индивидуални и колективни активности поврзани со обезбедување информации, советување, проценка на компетенции, поддршка, како и учење на вештини за донесување одлуки и управување со кариера (Career Management Skills – CMS).

Услугите за кариерно советување и насочување, како услуги од општ интерес, треба да бидат достапни за сите, независно од нивото на знаење или почетните вештини, и да бидат лесно разбирливи и релевантни. Посебно внимание треба да се посвети на подобрување на пристапот до услугите за насочување за најранливите групи и лицата со посебни потреби[13].

Во европските земји, термините како „кариерно советување“, „кариерен развој“, „кариерно информирање, советување и насочување“, „професионално советување“ или „професионално насочување“ се користат за да се опише спектарот на активности што овде се опфатени со поимот кариерно советување и насочување.

Во контекст на учениците со ПОП, кариерното советување се заснова на принципите на инклузивност, пристапност и прилагодување[14]. Тоа е процес во кој ученикот е активен учесник, а не пасивен примател на поддршка. Советникот и училиштето се партнери во создавање средина што ги поттикнува автономијата, изборот и самозастапувањето.

Една од најважните цели на кариерното советување е да им се обезбедат на сите млади луѓе од сите општествени средини релевантни информации и искуства со цел да се прошири и, потенцијално, да се подигне нивото на нивните аспирации. Затоа, функционалната рамка за кариерно советување на деца со ПОП ја усвојува следнава оперативна дефиниција:

> Кариерното советување и насочување е континуиран, структуриран и инклузивен процес на поддршка на поединецот во разбирање, планирање и управување со сопствената образовна и професионална патека, заснован на принципите на лична автономија, правичност и универзален дизајн, во соработка со семејството, училиштето и заедницата.

12 UNICEF; ETF (2024) Learning for Careers. What kinds of career guidance and career education services do young people want in Europe and Central Asia? https://www.unicef.org/eca/reports/learning-careers

13 Council of the European Union (2008). Resolution on Better Integrating Lifelong Guidance into Lifelong Learning Strategies. Official Journal of the European Union, C 319/02. https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/educ/104236.pdf

14 Quirke, M. C. (2024). How the Learning Experience of People with Disabilities Can Inform Career Guidance. Trinity College Dublin

# 03

# ПРЕДИЗВИЦИ НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ КАЈ ДЕЦА СО ПОП

Во македонскиот образовен систем, насоките за вклучување, развој и инклузивно образование дефинирани во Концепцијата за инклузивно образование[15] се однесуваат на исклучително хетерогена и голема група на учениците, за кои се смета дека имаат посебни образовни потреби (ПОП):

- ученици со попреченост - кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања и кои во интеракција со различните општествени бариери може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството, на еднаква основа со другите,
- ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми или со специфични тешкотии во учењето,
- ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини,
- ученици со комплексни потреби – кои имаат повеќестепени тешкотии, повеќестепени нарушувања, комплексни здравствени потреби и потреба од голема и интензивна помош и поддршка,
- деца/ученици со странско државјанство, деца без државјанство, деца бегалци, баратели на азил, деца со статсус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита, деца под привремена заштита кои престојуваат во нашата држава,
- деца/ученици кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возраст и деца/ученици и од други ранливи категории кои од различни причини бараат посебна поддршка и грижа во текот на воспитно-образовниот процес.

Транзицијата од образованието кон вработување претставува сложен и чувствителен процес за секој млад човек, но учениците со ПОП се соочуваат со дополнителни тешкотии при транзицијата

15 МОН. (2020). Концепција за инклузивно образование Скопје: МОН

од образованието кон вработување. Тие се соочуваат со специфични бариери при пристапот до кариерни услуги, кои произлегуваат не само од физички или институционални ограничувања, туку и од длабоко вкоренети општествени претстави за „способност" и „неспособност".
Овие ученици се движат низ систем кој не секогаш е доволно подготвен да ги препознае нивните индивидуални потенцијали и да им обезбеди соодветна поддршка за нивна реализација во светот на трудот. Најнапред, системските и структурните бариери играат значајна улога. Во многу случаи недостасува јасна поврзаност помеѓу образовните институции и пазарот на трудот, што доведува до недоволна координација во планирањето на преминот од училиштето кон професионалниот живот. Учениците со попреченост често имаат ограничен пристап до практична обука, стажирање или волонтерски искуства кои им овозможуваат да развијат реални работни вештини и да стекнат доверба во сопствените способности. Дополнително, недостигот на формализирани програми за транзициска поддршка создава чувство на празнина по завршување на основното или средното образование, што ја зголемува веројатноста овие лица да останат неактивни на пазарот на трудот.

Освен структурните, постојат и индивидуални бариери кои произлегуваат од карактеристиките и искуствата на самите ученици. Многу деца со попреченост имаат потешкотии во самопроценка, во препознавање на сопствените способности и интереси, како и во изразување на своите потреби и цели. Ова често се поврзува со пониско ниво на самодоверба и отсуство на вештини за самозастапување – клучни елементи за успешно интегрирање во работната средина. Промената на рутина и средина, која е неизбежна во процесот на транзиција, може да биде извор на анксиозност, а без соодветна поддршка таа може дополнително да го забави или отежни процесот на адаптација.

Социјалните и културните бариери, исто така се присутни. Во македонскиот контекст, но и пошироко, сè уште постојат предрасуди и ниски очекувања кон лицата со попреченост во однос на нивната способност да работат, да бидат продуктивни и независни. Работодавците често немаат доволно информации или ресурси за прилагодување на работните места, што ја ограничува нивната подготвеност да вработуваат лица со попреченост. Ваквата средина создава чувство на исклученост и ја намалува можноста учениците со ПОП да развијат меки и социјални вештини преку реални искуства и контакти со врсниците.

Во образованието, пак, постои недоволна интеграција на кариерното образование и советување во наставните програми. Многу училишта немаат систематизиран пристап за кариерно насочување на учениците со ПОП, ниту пак развиени модели за индивидуално насочено планирање (PCP) кои би овозможиле континуирано следење и поддршка на нивниот развој. Наставниците, специјалните едукатори и психолозите честопати работат во рамки на ограничени ресурси и без доволно време за меѓусебна координација, што резултира со неусогласеност во целите и приоритетите за секој ученик.

Во споредба со своите типични врсници, учениците со посебни образовни потреби се соочуваат со подолг и понепредвидлив процес на професионално созревање. Нивната интеграција на пазарот на труд зависи во поголема мера од квалитетот на структурирана поддршка, од достапноста на адаптирани програми и од нивната способност да го препознаат и изразат сопствениот потенцијал. За разлика од типичните ученици, тие ретко добиваат можност за реално запознавање со различни професии, учество во вонаставни активности или практична настава што би им овозможила да развијат релевантни компетенции.

Оттука, транзицијата кон вработување кај учениците со ПОП не претставува само образовен или економски процес, туку прашање на еднаквост, инклузија и човекови права. Потребно е развивање на структуриран и персонализиран систем на поддршка кој ќе ги препознае индивидуалните потреби, ќе ја вклучи семејната и заедницата перспектива и ќе создаде реални можности за развој и вработување. Само преку холистички и координиран пристап, кој ја спојува образовната и социјалната димензија, може да се обезбеди успешна и достоинствена транзиција за овие ученици.

## Ревидирање на традиционалните модели на проценка и планирање за ученици со ПОП

Во инклузивниот образовен систем секој професионалец настојува да ги прилагоди своите практики со цел да ги вклучи учениците со ПОП во рамките на редовното образование. Сепак, мора да се нагласи дека учениците со ПОП може да имаат потреба од дополнителна специјалистичка поддршка или медицинска интервенција во форма на акомодации и адаптации – дури и во најинклузивните средини. Развојот на образованието на учениците со ПОП од сегрегиран медицински модел на специјално образование кон инклузивен социјален модел во образованието и учењето не ја исклучува потребата од дополнителни специјалистичка поддршка. Таа поддршки најчесто се идентификуваат врз основа на медицинска проценка и експертизи.

Овој процес има свои придобивки, во смисла на пристап до специјализирани улуги и интервециии, меѓутоа постои ризик од прекумерно потпирање на таквите проценки во донесувањето одлуки за учениците. Важно е да се истакне дека овие проценки понекогаш го исклучуваат личното искуство на лицето со ПОП од процесот, што може да доведе до тоа планирањето на транзицијата и можностите да бидат дефинирани од перспектива на професионалецот, а не од гледна точка на самиот ученик. Дополнително, кога медицинските проценки премногу доминираат во процесот, потребите на ученикот со ПОП, особено во периодот на транзиција, често се дефинираат и толкуваат низ „медицинска призма“ – преку дијагнози, етикети и административни класификации.

Како што беше истакнато претходно, главната цел на кариерното советување е проактивно да му се овозможи на лицето да донесува одлуки за својата кариера, фокусирајќи се на неговите способности, интереси, личност и процес на учење во контекст на образованието и смислената работа. Актуелните слабости на кариерното советување, кои произлегуваат од прекумерното нагласување на етикетирањето и на ремедијалниот пристап во третманот на лицата со ПОП и претставуваат бариери кои ги ограничуваат нивните кариерни избори, можат да се надминат со имплементација на инклузивни теории за кариерно советување, кои ја истакнуваат мотивацијата, амбицијата и стремежите, наместо да се фокусираат на попреченоста и нејзините ограничувања.

## Интеграција на кариерно образование во наставата

Согласно Законот за основното образование (чл. 47)[16] , формална програма за професионална ориентација се спроведува во осмо и деветто одделение. Но, развојот на кариерната подготвеност започнува уште во првиот развоен период на основното образование, кога се поставува основата за подоцнежен кариерен развој и развивање на таканаречени пре-кариерни вештини (pre-career skills/prevocational skills).

Во зависност од потребата за образовна поддршка, учениците со ПОП може да ја следат редовната наставна програма (општа поддршка), да следат настава по Индивидуален образовен план (ИОП) или по Модифицирана програма (МП). Без оглед дали се реализира во инклузивните основни училишта или во основните училишта со ресурсен центар, кариерното советување во училиштата треба да биде интегрален дел од воспитно-образовната работа, особено кај децата со посебни образовни потреби.

Преку интерграција на соодветни наставни активности од прво до седмо одделение, училиштата можат да овозможат средина во која секое дете ќе има поддршка да да ги препознава и надградува своите силни страни и да се види себеси како дел од заедницата. Овие пре-кариерни вештини подразбираат постепено запознавање на учениците со различни професии, развивање на лични

16 Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25

интереси и способности, како и основни компетенции како што се:

- Самоспознавање (идентификување способности, интереси, вредности);
- Тимска работа и меѓусебна поддршка;
- Развивање на љубопитност кон различни професии и улоги во општеството;
- Разбирање на улогите во заедницата
- Развивање упорност, одговорност и самоиницијатива
- Основни комуникациски и презентациски вештини;
- Социјални вештини
- Решавање проблеми и критичко размислување
- Самоиницијатива, донесување одлуки и поставување цели[17]

Кај децата со ПОП, овој процес бара системска поддршка, адаптирани материјали и интердисциплинарен пристап, со вклучување на наставници, психолози, специјални едукатори и родители во заеднички процес на поддршка. Инклузивното кариерно советување мора да се базира на принципот на equity of access — еднакви можности за сите, а не еднакви активности за сите.[18]

Во поглавјето Алатки за кариерно советување и насочување според развојниот период, видот и степенот на попреченост се предложени соодветни материјали и активности кои ги идентификуваат силните страни на детето, и овозможуваат прилагодување на методите на учење и ориентација според видот и степенот на попреченост.

## Пристапност на процесот на кариерно советување и насочување

Македонскиот образовниот систем се темели на принципите на инклузивно образование, чија цел е да обезбеди еднаков пристап, учество и квалитетно образование за сите ученици, без разлика на нивните индивидуални способности или вид на ПОП. Без оглед на видот на училиштето кое го посетуваат, сите ученици треба да имаат еднаков пристап до услуги за кариерно советување и насочување.

Индивидуален кариерен план (ИКП) е документ кој има за цел да го поддржи ученикот во истражување на неговите интереси, способности, можности и потреби за поддршка за понатамошно образование и вклучување на пазарот на труд. ИКП треба да се развива во согласност со содржините на ИОП/МП и да претставува нивно логично продолжение во рамките на транзициското планирање.

Под „потреби за поддршка“ се подразбираат сите елементи што се неопходни за ученикот да може рамноправно да учествува – тоа може да бидат прилагодувања на материјалот, просторот, темпото на работа, комуникацијата или начинот на изразување итн. Прилагодувањата се одредуваат индивидуално, според потребите на ученикот, но може да се групираат во неколку категории кои најчесто се применливи кај различни видови ПОП. Следните категории ги опишуваат типичните области на прилагодување што можат да обезбедат пристапно кариерно советување за ученици со различни посебни образовни потреби:

### Прилагодувања на структурата и организацијата на активностите

- Јасна структура на активностите, кратки инструкции и визуелни потсетници (корисно за ученици со интелектуална попреченост – ИП, аутизам, оштетување на слух, АДХД);
- Поделба на сложени задачи во мали, управливи чекори (ИП, аутизам, оштетување на вид);

17 OECD (2023). Working It Out: Career Guidance and Employer Engagement. OECD Publishing, Paris. DOI 10.1787/3f9c49c1-en
18 Quirke, M. C. (2024). How the Learning Experience of People with Disabilities Can Inform Career Guidance. Trinity College Dublin.

- Постепено воведување на нови активности со претходна најава и подготовка на ученикот (аутизам, емоционални и бихејвиорални потешкотии) ;
- Предвидлив распоред и визуелна агенда на денот/часот (аутизам, АДХД, оштетување на слух) ;
- Флексибилно темпо и можност за дополнително време при изведување на задачи (оштетување на вид, ИП, моторни потешкотии) ;
- Мали групи или индивидуални сесии за советување кога е потребна поголема поддршка (аутизам, АДХД, емоционални потешкотии).

### Прилагодувања во комуникацијата

- Користење на визуелни симболи, пиктограми и фотографии за објаснување на задачи (ИП, аутизам, глуви ученици);
- Пишани упатства и прашања покрај усните објаснувања (глуви и наглуви ученици, ученици со АДХД);
- Приспособен јазик – кратки и конкретни реченици, избегнување на апстрактни поими (ИП, аутизам, дислексија);
- Толкувач на знаковен јазик или визуелен медиум за комуникација (ученици со оштетување на слух);
- Можност за невербално изразување – избор со слика, симбол, гест, уред за алтернативна комуникација (ИП, аутизам, моторни потешкотии).

### Прилагодувања на материјалите и презентацијата на содржината

- Визуелно поедноставени материјали со слики, графикони и боја за означување и категоризација (ИП, дислексија, аутизам);
- Аудио или брајова верзија на материјалите (оштетување на вид);
- Избор помеѓу текстуални, визуелни и практични задачи (промовира пристапност според стил на учење);
- Интерактивни дигитални алатки и апликации за симулација на професии (ИП, АДХД, моторни потешкотии).

### Прилагодувања на просторот и средината

- Минимални сензорни дразби (светлина, звук, движење) во просторијата (аутизам, АДХД, оштетување на слух);
- Јасна просторна ориентација и слободен пристап до местото за седење и ресурсите (оштетување на вид, телесна попреченост);
- Рампи, лифт и прилагодена висина на мебелот (телесна попреченост);
- Стабилна и предвидлива средина без нагли промени (аутизам, емоционални потешкотии).

### Употреба на асистивна технологија

- Читачи на текст и софтвер за читање со поддршка на говор (Text-to-Speech) – овозможуваат учениците да слушаат напишан текст, што ја олеснува писмената комуникација и разбирањето на сложени информации (корисно за ученици со оштетување на вид, дислексија, интелектуална попреченост);
- Voice-to-Text апликации и софтвер за диктирање (Speech-to-Text) – помагаат при пишување или диктирање на одговори, извештаи и задачи (оштетување на вид, моторни потешкотии, дисграфија, ИП);
- Дигитални комуникациски уреди и симболи за алтернативна и аугментативна комуникација (AAC системи) – користат симболи, слики, гласовни изрази или уреди

за олеснување на комуникацијата (аутизам, интелектуална попреченост, глуви ученици, моторни потешкотии);

- Апликации за организација – визуелно ја организираат дневната рутина, активностите и целите, поттикнувајќи саморегулација и концентрација (аутизам, АДХД, интелектуална попреченост);
- Зголемувачи на екран, лупи и звучни книги – обезбедуваат пристап до визуелни и писмени информации преку сензорна адаптација (оштетување на вид, дислексија);
- Таблети и уреди со адаптирани интерфејси – овозможуваат прилагодено користење со зголемени икони, едноставни менија и говорна поддршка (телесна попреченост, аутизам, ИП).

Прилагодувањата не се фиксни категории. Една стратегија може да биде корисна за повеќе типови ученици, а некои ученици може да имаат потреба од комбинација на прилагодувања од различни области. Целта е пристапно учество, а не поедноставување на содржините.

# 04

# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАПИ ВО КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОП

Генералната цел на кариерното насочување е да се развие капацитетот на поединците за управување со нивната кариера (CMS). Тоа опфаќа низа поврзани активности за учење кои им помагаат на луѓето да пристапат до услуги, ресурси и искуства поврзани со вработувањето и понатамошното образование и обука. Овие вклучуваат обезбедување на: кариерно образование, кариерни информации, индивидуално и групно насочување/советување, проценка на вештините и психометриско тестирање, ангажман со работодавците и развој на вештини потребни за барање работа и самовработување.

Развивањето на вештини за планирање и управување со кариера подразбира:

1. Учење за себе, не само во поглед на идентификување на интересите, туку и во градење на свест за сопствениот идентитет – „Кој сум јас?“. Овој процес ги вклучува социјалните и емоционалните компетенции, како и развој на метакогнитивни и „учење како да се учи“ вештини. Ова е особено значајно за ранливите групи, бидејќи укажува дека секој поединец може да научи да управува со својот живот, учење и кариера, и да внесува позитивни промени во заедницата.

2. Учење за светот на трудот, што не се сведува само на запознавање со занимањата, туку и на критичко разбирање на пазарот на труд, економските трендови и нивното влијание врз општеството и поединецот. Примери за тоа се разбирањето на влијанието на неформалната економија или „платформската работа“ врз личниот и семејниот живот, како и познавањето на трудовите права. семејниот живот, како и познавањето на трудовите права.

3 Учење за образованието и учењето, односно подигање на свеста за важноста на доживотното учење (Lifelong Learning – LLL), неговите придобивки за личен и општествен развој, и можностите и поддршките што постојат во тој процес.

4 Развивање на практични вештини, како што се изработка на биографија (CV), техники на интервјуирање и слично.[19]

Традиционално, фокусот на кариерното советување е насочен токму кон последната група практични вештини, но современите тенденции укажуваат дека ваквиот пристап не е доволен за справување со сложените животни и професионални транзиции. Потребно е проширување на концептот – кон сеопфатно, индивидуализирано и оспособувачко кариерно образование, кое ќе ги засилува силните страни на младите и ќе ги развива нивните животни и кариерни вештини.

Кариерното насочување се обезбедува лице в лице, на далечина или во комбиниран режим. Насочувањето им се дава на луѓето во широк спектар на средини: основни и средни училишта и центри за стручна обука, високообразовни институции; јавни и приватни служби за вработување; јавни и приватни центри за кариерно насочување; на работните места, во синдикатите, невладините организации и професионалните тела, како и во локалните заедници.[20]

Имајќи ја предвид проширената перспектива на современите концепти на кариерно советување и едукација, која ги интегрира принципите на социјална инклузија, благосостојба и ментално здравје, неопходно е создавање на флексибилни и индивидуализирани услуги за кариерно водење, кои се прилагодуваат на разновидните потреби и предизвици на децата со ПОП. Преку ваквиот холистички пристап, кариерното советување и насочување се третира како континуиран процес на учење и личен развој, кој ги поддржува учениците во градењето на сопствениот професионален и животен пат.

## Индивидуално насочено планирање

Индивидуално насоченото планирање (PCP – person centered planning) претставува основен методолошки пристап за поддршка на учениците со ПОП во процесот на кариерно советување и насочување. Овој пристап ја става личноста — ученикот — во центарот на сите активности за планирање, со фокус на неговите интереси, цели, силни страни и лични избори.
Според O’Brien и Mount[21] , индивидуално насоченото планирање го поместува фокусот од „она што недостасува“ кон „она што е можно“. Наместо да се проценува дефицитот, PCP пристапот ги препознава вредноста, потенцијалот и гласот на ученикот, што е суштинско за развивање на самопочит и автономија.

### Во контекст на кариерното советување, PCP вклучува:

- Активно вклучување на ученикот во поставување лични и кариерни цели;
- Визуелно мапирање на интересите и идните желби;
- Идентификација на силните страни и интересите, наместо на ограничувањата;
- Дефинирање на краткорочни и долгорочни цели и конкретни чекори за нивна реализација;
- Редовни средби со родителите и стручната служба за ревидирање на индивидуалниот кариерен план.

19 UNICEF; ETF (2024) Learning for Careers. What kinds of career guidance and career education services do young people want in Europe and Central Asia? https://www.unicef.org/eca/reports/learning-careers

20 Cedefop; ETF; European Commission (2021). Investing in career guidance: revised edition 2021. Inter-Agency Working Group on Career Guidance WGCG. https://www.cedefop.europa.eu/en/publications/2230

21 O’Brien C. L. & O’Brien J. (2000) The origins of person-centered planning: a community of practice perspective. In: Person-Centered Planning: Research, Practice, and Future Directions (eds. S. Holburn & P. Vietze). Paul H Brookes, Baltimore.

Наставниците, психолозите, педагозите и специјалните едукатори и рехабилитатори треба да го користат PCP како партнерски процес во кој училиштето, семејството и ученикот заеднички ги дефинираат кариерните приоритети. PCP гарантира дека ученикот не е пасивен примател на поддршка, туку активен учесник во планирањето на сопствената иднина.

Примената на PCP во практиката може да се илустрира преку методологијата развиена во рамки на Autism_PCP проектот[22] – европска иницијатива насочена кон развивање алатки за планирање на транзиции и планирање на живот кај ученици со аутизам. Проектот разви Систем и алатки за индивидуално насочено планирање за учениците со аутизам, како и Упатства за индивидуално насочено планирање наменети за фацилитаторите во процесот. Во контекст на оваа функционална рамка, неговата применливост се заснова на принципите на инклузивното образование, индивидуализацијата и холистичкиот развој на ученикот, што го прави соодветен и за пошироката популација на деца со ПОП.

## Универзален дизајн на учење (UDL)

Универзалниот Дизајн за Учење (УДУ) претставува клучен методолошки столб во развојот на инклузивното кариерно советување и насочување за учениците со ПОП. УДУ се темели на претпоставката дека секој поединец учи различно, и затоа нуди стратешка рамка за проактивно дизајнирање во сите аспекти на советувачкиот процес – од презентација на информации до проценка на вештини – со цел да се избегнат бариерите уште пред тие да настанат. Ова значи дека проактивно се обезбедуваат флексибилни начини на учење, изразување и ангажирање за сите.

Примената на УДУ во кариерното советување се фокусира на три основни принципи.

- Повеќе различни начини на претставување (Multiple means of representation) подразбира дека информациите за професиите, пазарот на трудот и образовните патеки треба да бидат достапни во различни формати: текст, аудио, визуелни симболи, дигитални симулации или поедноставен јазик, за да се задоволат потребите на учениците со различни сензорни или когнитивни предизвици.

- Повеќе различни начини на акција и изразување (Multiple means of action and expression) овозможува учениците да го демонстрираат своето знаење и своите аспирации на начин што најдобро им одговара, на пример, преку усмена презентација, креирање дигитално портфолио, или користење на асистивна технологија.

- Повеќе различни начини на ангажирање (Multiple means of engagement) има за цел да ја зголеми мотивацијата и чувството на припадност, што е критично за УСП кои често се соочуваат со ниски очекувања. Ова се постигнува преку флексибилни активности, користење алатки за соработка во реално време (онлајн форуми или групни проекти) и креирање поддржувачка средина каде се негува самоадвокацијата.

Една од најголемите придобивки од правилно имплементираниот УДУ е значителното намалување на потребата за индивидуални прилагодувања во текот на кариерното планирање. Кога кариерните алатки и проценки се дизајнирани од УДУ перспектива – користење контрастни бои и зголемен фонт за ученици со визуелно оштетување, превод на знаковен јазик или титлови за лица со оштетување на слухот, или поедноставена структура на јазикот за лица со когнитивни потешкотии – се троши помалку време на решавање на бариерите, а повеќе време на содржината и на развојот на клучните вештини за вештини за планирање и управување со кариера. Со интегрирање на УДУ, кариерното советување етички се позиционира како проактивен, холистички процес кој им дава поголема автономија на УСП, на начинот на кој тие учат.

22 An holistic approach to person-centered planning for Autism http://www.autismholistic.eu/

# 05

# НАСОКИ ЗА НАСТАВНИЦИ

## Улогата на наставникот

Наставниците[23] имаат суштинска улога во создавање средина која го поддржува личниот и кариерниот развој на сите ученици, вклучително и на оние со ПОП. Тие се првата точка на контакт со учениците и имаат централна улога во раната идентификација на интересите, афинитетите и потенцијалите на секое дете.

Во контекст на инклузивното образование, улогата на наставниците е да создадат училишна средина што ја препознава различноста како сила, а не како ограничување. Преку примената на универзален дизајн на учење (УДУ), индивидуално насочено планирање (PCP) и асистивна технологија, тие обезбедуваат рамноправен пристап до информации, активности и можности за сите ученици.[24]

Според Законот за основното образование (член 47)[25] , училиштето има обврска да им помага на родителите и учениците при изборот на средно училиште, „согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците". Наставникот во соработка со стручните соработници ја адаптира и реализира програмата за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение[26] , која ја утврдува Министерството за образование и наука, како и ги реализираат активностите за рано кариерно учење уште во пониските одделенија и развиваат индикатори за следење на напредокот на учениците.

Понатаму, член 126 го дефинира наставникот (одделенскиот или раководителот на паралелката) како активен учесник во следење на напредокот на учениците, особено на оние со посебни образовни потреби, и како соработник во изготвувањето на индивидуалниот образовен план (ИОП). Тој, исто така, има задача да „помага во професионалната ориентација на учениците". Овие законски одредби го поставуваат наставникот како кариерен медијатор во основното образование — личност која го поврзува воспитно-образовниот процес со почетното кариерно насочување.

23 вклучително и специјалните едукатори и рехабилитатори – кои реализираат настава, или делови од модифицираната наставна програма во основните училишта со ресурсните центри

24 Quirke, M. C. (2024). How the Learning Experience of People with Disabilities Can Inform Career Guidance. Trinity College Dublin.

25 Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25

26 МОН (2020). Програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение. https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-TxsY.pdf

Како што нагласува Panou[27] , наставникот е „првиот советник во училницата“, бидејќи преку наставниот процес создава услови за развивање на лична автономија, истрајност и самопочит кај учениците со ПОП. Од друга страна, ефективното советување зависи од способноста на наставникот да препознае и да ја деконструира „моќта на експертот“ во односот со ученикот, заменувајќи ја со партнерство, слушање и поттикнување на избор.

Во оваа смисла, наставникот е помошник во градење на идентитетот на ученикот, не само како ученик, туку и како идно активно лице во општеството. Преку поддршка, реална повратна информација и соработка со семејството, наставникот придонесува кон развивање на самодоверба и ориентација кон иднината.

Наставникот има институционализирана улога во инклузивниот тим за секој ученик со ПОП. Според член 126 од Законот за основното образование[28] , наставникот е задолжен за:

- следење на напредокот на ученикот со посебни образовни потреби,
- изготвување или учество во изготвувањето на ИОП,
- помагање во професионалната ориентација, и
- координација со родителите и стручните соработници.

Во овој контекст, наставникот не делува самостојно, туку во партнерство со членовите на инклузивниот тим за ученикот. Наставниците во редовното образование се носители на процесот на кариерно учење и развој на пре-кариерни вештини, кои ги подготвуваат учениците за идни образовни и професионални избори, и транзиција — од основно кон средно и високо образование, или кон инклузивни работни средини.

Овие вештини вклучуваат:

- Самоспознавање (идентификување способности, интереси, вредности);
- Тимска работа и меѓусебна поддршка;
- Развивање на љубопитност кон различни професии и улоги во општеството;
- Разбирање на улогите во заедницата
- Развивање упорност, одговорност и самоиницијатива
- Основни комуникациски и презентациски вештини;
- Социјални вештини
- Решавање проблеми и критичко размислување
- Самоиницијатива, донесување одлуки и поставување цели.[29]

Наставниците го интегрираат кариерно учење низ наставните содржини, преку проектна настава, практични активности, посети на работни места, и користење на интерактивни дигитални ресурси.

27 Panou, O. (2024). Counseling and Vocational Guidance to Children with Special Educational Needs. University of Alicante.
28 Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25
29 OECD (2023). Working It Out: Career Guidance and Employer Engagement. OECD Publishing, Paris. DOI 10.1787/3f9c49c1-en

## Практични насоки за наставници

| Цел | Практични чекори |
|---|---|
| РАНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ВЕШТИНИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО КАРИЕРА (CMS) | 1 Проектна настава: Реализрајте проектна настава за да ги запознаете учениците со различни професии. На пример, преку проекти за „Улогата на здравствените работници“ или „Научниците во мојата заедница“.<br><br>2 Фокус на вештини (6-12 години): Низ наставата, систематски развивајте ги основните вештини за управување со кариера како што се самоспознавање (идентификување способности, интереси), тимска работа и решавање проблеми. Вклучете задачи кои бараат од учениците да опишат како вештините научени на час се применуваат во различни занимања.<br><br>3 Искуствено учење: Организирајте виртуелни или физички посети на работни места во локалната заедница за да обезбедите рана изложеност на светот на трудот. Задолжително најавете им ја активноста на учениците однапред, и подгответе ги за она што може да го очекуваат таму. |
| ПРИМЕНА НА УНИВЕРЗАЛЕН ДИЗАЈН ЗА УЧЕЊЕ (УДУ) | 4 Обезбедете различни начини на претставување: Обезбедете наставни и кариерни информации (на пр., за средни училишта) во различни формати: пишани упатства, визуелни симболи, аудио верзии или дигитални симулации.<br><br>5 Обезбедете различни начини на изразување: Дозволете им на учениците со ПОП, да го демонстрираат своето знаење на флексибилен начин. На пример, наместо писмен тест, прифатете усмена презентација, креирање колаж, или употреба на уред за алтернативна комуникација (AAC).<br><br>6 Обезбедете различни начини на ангажирање: Користете флексибилни работни станици, интерактивни дигитални алатки и колаборативни активности за да ја зголемите мотивацијата и чувството на припадност. |

| Цел | Практични чекори |
| --- | --- |
| ПАРТНЕРСТВО И ПРОЦЕНКА | 7 Високи очекувања: Свесно комуницирајте високи, но реални очекувања кон учениците со ПОП. Истражувањата покажуваат дека наставниците со високи очекувања имаат директно позитивно влијание врз само-ефикасноста на учениците.<br>8 Интеграција во ИОП: Активно учествувајте во изготвувањето на Индивидуалниот образовен план (ИОП) и Индивидуалниот кариерен план (ИКП) преку обезбедување реални повратни информации за силните страни, интересите и напредокот на ученикот во училницата. |
| | |

# 06

# НАСОКИ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ЕДУКАТОРИ И РЕХАБИЛИТАТОРИ

## Улогата на специјалниот едукатор и рехабилитатор

Специјалниот едукатор и рехабилитатор како стручен соработник во инклузивните училишта претставува клучна алка во процесот на кариерно советување и насочување на ученици со ПОП. Нивната работа опфаќа индивидуална и групна поддршка, консултативна и советодавна работа со наставниците и родителите, континурана соработка со останатите професионалци се дел од стручната служба преку учество во работата на инклузивниот тим на училиштето и инклузивните тимови за уразвивање, спроведување и следење на индивидуалните образовни и кариерни планови (ИОП и ИКП).

Во функционалната рамка за кариерно советување и насочување, нивната улога е посредничка, проценувачка и советодавна, насочена кон целосно интегрирање на ученикот со ПОП во училиштето и подготвување за неговиот иден професионален и општествен живот. Во соработка со наставниците и останатите членови на стручната служба ја имплементираат програмата за програмата за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение, ги реализираат активностите за рано кариерно учење уште во пониските одделенија и развиваат индикатори за следење на напредокот на учениците.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор спроведува индивидуални сесии со учениците со ПОП, насочени кон:

- процена на способности, интереси и потенцијали;
- идентификација на пречки за учење и учество;
- развивање на стратегии за компензација и адаптација;
- следење на напредокот преку континуирана евиденција и анализа на индивидуалниот развој.

Овие податоци се интегрираат во Индивидуален кариерен план (ИКП) кој се изработува во

координација со педагогот, психологот, наставниците и родителите.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор има обврска да:

- поддржи наставниците во адаптација на наставните содржини според принципите на УДУ;
- обезбеди насоки за примена на асистивна технологија и алтернативни и аугментативни начини на комуникација, согласно потребите на ученикот;
- учествува во планирањето на активности што развиваат пре-кариерни вештини и вештини за планирање и управување со кариера;
- го координира и учествува во индивидуалниот инклузивен тим за ученикот.

Специјалниот едукатор и рехабилитатор треба да ја преземе и советодавната улога за учениците и семејствата. Оваа улога се реализира преку:

- индивидуални разговори со ученикот за поставување високи, реални и достижни цели;
- помош при развивање на самопочит, мотивација и самоефикасност;
- медијација во случаи на недоразбирање или конфликти меѓу ученикот, родителите и наставниците;
- поттикнување на самозастапување (self-advocacy), т.е. ученикот да зборува во свое име и да учествува во одлуки што го засегаат.

Ефективната работа на специјалниот едукатор во рамки на инклузивното училиште се заснова на постојана интердисциплинарна соработка.

## Практични насоки за специјални едукатори и рехабилитатори

| Цел | Практични чекори |
| --- | --- |
| ФАСИЛИТАЦИЈА НА ИНДИВИДУАЛНО НАСОЧЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ИНДИВИДУАЛНИОТ КАРИЕРЕН ПЛАН | 1 Ученикот во Центарот: Водете го Индивидуалното насочено планирање (PCP) користејќи визуелни алатки (на пр., „My Future Map“) за да ги мапирате интересите и идните желби на ученикот. Поместете го фокусот од „она што недостасува“ кон „она што е можно“.<br>2 Активна инклузија: Осигурете дека ученикот е активен учесник во дефинирањето на целите на ИКП, а не пасивен примател на одлуки. Користете техники и алатки за да ги поддржите учениците со потешкотии во комуникацијата.<br>3 Соработка со ресурсен центар: Координирајте се со Основните училишта со ресурсен центар за добивање дополнителна специјализирана поддршка и консултација за најефективни стратегии за транзиција. |

| Цел | Практични чекори |
|---|---|
| СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА ПОДДРШКА (УДУ/АСИСТИВНА ТЕХНОЛОГИЈА) | 4 Прилагодување на материјалите: Развијте насоки за наставниците за примена на принципите на УДУ, особено во прилагодувањето на материјалите: користење на кратки инструкции, визуелни симболи, пиктограми и избегнување апстрактни поими.<br><br>5 Асистивна технологија: Обезбедете обука и насоки за користење на АТ. Проценет ги потребите на ученикот и препорачајте употреба на соодветни алатки (на пр. Text-to-Speech алатки за читање, Voice-to-Text апликации за пишување и диктат, и дигитални комуникациски уреди (AAC) за невербална комуникација). |
| РАЗВОЈ НА САМОЗАСТАПУВАЊЕ И СОРАБОТКА | 6 Обука за самозастапување: Спроведувајте индивидуални сесии насочени кон развивање на самозастапувањето. Помогнете му на ученикот да ги артикулира своите потреби и да учествува во донесувањето одлуки што го засегаат.<br><br>7 Советодавна улога: Обезбедете психолошка поддршка за развивање самопочит, мотивација и управување со стрес. Помагајте во медијација меѓу ученикот, родителите и наставниците. |
| | |

# 07

# НАСОКИ ЗА ПЕДАГОЗИ И ПСИХОЛОЗИ ВО УЧИЛИШТАТА

## Улогата на педагозите и психолозите во кариерното советување

Педагозите и психолозите како и сите останати профили на стручни соработници во основното образование имаат одговорност да обезбедат холистички пристап кон развојот на личните, социјалните и академските компетенции на учениците.

Во рамки на работата со ученици, стручните соработници поседуваат заеднички професионални компетенции од подрачјето Професионална и кариерна ориентација на учениците, кои им овозможуваат да го поддржат секој ученик во процесот на откривање, развивање и насочување на сопствените интереси и потенцијали.

Стручниот соработник ги разбира начелата и вредностите на кариерното советување и професионалната ориентација, како составен дел од сеопфатниот развој на ученикот. Тој ја познава важноста од навремено и континуирано кариерно насочување, како средство за донесување информирани одлуки за понатамошно образование и професионален развој.[30]

### Професионалните знаења и разбирања на стручниот соработник опфаќаат:

- познавање на начелата, моделите и фазите на кариерна ориентација и советување;
- разбирање на методите, инструментите и психолошките техники што се користат во процесот на професионална ориентација и избор на професија;
- информираност за состојбите на пазарот на трудот и новите тенденции во светот на работата;
- знаење за образовната мрежа – средни училишта, високообразовни институции и можности за стручно усовршување;
- препознавање на влијанието на социјалните, семејните и индивидуалните фактори врз професионалните избори на учениците.

30 МЦГО (2016). Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници. https://www.mcgo.org.mk/pub/Kompetencii_standardi_za_strucni_sorabotnici_MK.pdf

Во доменот на професионалните способности и вештини, стручниот соработник:

- избира и користи соодветни методи и инструменти за процена на интересите, способностите и професионалните склоности на учениците;
- го темели советувањето врз индивидуалните карактеристики, капацитети и општествени можности, водејќи сметка за принципите на еднаквост, инклузивност и реалност на очекувањата;
- интерпретира и синтетизира податоци од различни извори за да помогне во креирањето на личен кариерен план;
- ги информира учениците и родителите за понатамошни образовни и професионални можности;
- организира групни и индивидуални сесии за кариерно советување и информирање;
- иницира соработки со средни училишта, високообразовни институции и стопански субјекти со цел да им овозможи на учениците директен увид во различни професии.

Примерите на професионална практика вклучуваат:

- спроведување на испитувања на интересите, мотивацијата и информираноста на учениците за понатамошно образование или вработување;
- изведување на анализи и профили на професионални интереси;
- подготовка на информативни материјали и презентации за образовни програми и занимања;
- организација на средби и претставувања на средни училишта, универзитети и работодавачи во училиштето;
- индивидуално и групно советување со учениците и нивните родители за правилен избор на понатамошно образование или професија.

Овие компетенции ја одразуваат потребата од интердисциплинарен и координиран пристап во поддршката на ученикот. Секој стручен соработник, во рамките на својата професионална улога, придонесува за развивање на личната автономија, самопроценка и одговорност кај учениците, што претставува основа за нивниот успешен кариерен развој и активно учество во заедницата.

Законот за основното образование (чл. 47)[31] ја уредува обврската за педагозите и психолозите во однос на спроведување програма за професионална ориентација за учениците од осмо и деветто одделение, преку алатки за утврдување способности, интереси и можности. Во соработка со наставниците и останатите членови на стручната служба ги реализираат активностите за рано кариерно учење уште во пониските одделенија и развиваат индикатори за следење на напредокот на учениците.

Во процесот на инклузивно кариерно советување, педагозите и психолозите имаат неколку клучни улоги:

- да обезбедат психолошка безбедност и поддршка во процесот на самопроценка на ученикот,
- да координираат со наставниците и специјалните едукатори во изготвување и реализација на индивидуалните образовни и кариерни планови (ИОП/ИКП),
- да развиваат советувачки програми кои промовираат самоприфаќање, оптимизам и самоадвокација кај учениците,
- и да посредуваат меѓу училиштето, родителите и надворешните институции во процесот на транзиција кон следното ниво на образование.

31 Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25

| Цел | Практични чекори |
|---|---|
| СИСТЕМСКА КООРДИНАЦИЈА И ПЛАНИРАЊЕ | 1 Координација на ИКП: Водете го процесот на изготвување и следење на Индивидуалниот кариерен план (ИКП) во партнерство со специјалниот едукатор и рехабилитатор, наставниците и родителите. ИКП треба да биде логично продолжение на ИОП/МП, фокусиран на транзиција.<br><br>2 Алатки за рано препознавање: Развијте и користете психометриски и неформални алатки за проценка прилагодени на УДУ. Фокусирајте се на проценка на интереси и способности, наместо само на дијагностика, за да се поддржат развојните перспективи.<br><br>3 Развој на советувачки програми: Креирајте групни и индивидуални советувачки програми за УСП кои промовираат самоприфаќање, оптимизам и градење на социјални и емоционални компетенции (само-доверба, управување со стрес). |
| ЕКСПЕРТИЗА ЗА МЕТОДОЛОГИИ | 4 PCP фасилитација: Користете методологии за планирање на транзиции и животни цели за ученици со аутизам или комплексни потреби (индивидуални планови за транзиција, визуелни мапи на цели, редовно ревидирање со ученикот и семејството).<br><br>5 UDL: Педагошката служба да поддржува наставниците во дизајнирање програми кои се инклузивни за сите ученици, а не само адаптации за поединци.<br><br>6 Асистивна технологија: Да препорачуваат и интегрираат дигитални алатки и помагала кои се соодветни за когнитивните и социјално-емоционалните потреби на децата (на пр. апликации за организација на задачи, софтвер за симулација на професии). |

| Цел | Практични чекори |
|---|---|
| ПОВРЗУВАЊЕ СО ЗАЕДНИЦАТА | 7 Интерсекторска соработка: Воспоставете и одржувајте локални мрежи со здруженија на лица со попреченост и работодавци за да се креираат можности за искуствено учење и учење базирано на работа, или волонтерски искуства.<br><br>8 Интердисциплинарна работа: Да поттикнуваат заеднички состаноци наставник–родител–ученик со PCP пристап, каде сите учесници се вклучени во одлуките.<br><br>9 Премостување на транзиција: Посредувајте меѓу училиштето, родителите и надворешните институции за да се обезбеди непречена транзиција кон средното образование. Во овој процес користете го Еврогајденс центарот како извор на информации за европските можности и стандарди. |
| | |

# 08

# НАСОКИ ЗА СЕМЕЈСТВАТА НА УЧЕНИЦИ СО ПОП

## Улогата на родителите во поддршка на кариерниот развој

Родителите претставуваат клучна врска меѓу ученикот, училиштето и заедницата во процесот на кариерно советување. Тие придонесуваат со реално познавање на потребите и можностите на детето, но и со одлуки кои ја определуваат насоката на неговиот развој. Активното вклучување на родителите во планирањето и ревизијата на кариерните цели е неопходно за обезбедување континуитет и соодветност на поддршката.

Според европските препораки најуспешни транзиции имаат оние ученици чии родители се добро информирани, вклучени во донесување одлуки и подготвени да поттикнуваат автономија. Родителите треба постепено да преминуваат од улога на „застапници" во улога на ментори и тренери, со цел да го поттикнат детето да презема одговорност и да донесува сопствени одлуки.

Кај учениците со ПОП, родителите се и главен мост меѓу училиштето и заедницата, затоа што обезбедуваат континуитет на поддршката во секојдневниот живот. Euroguidance (2024) и OECD (2023)[32] препорачуваат родителите активно да се вклучат во процесот на кариерно учење уште од раното образование, како партнери, соучесници и коавтори на плановите за развој на своето дете.

Позитивниот родителски став и очекување дека детето има иднина полна со можности се клучни предиктори за успешна транзиција и самостојност. Според Guideposts for Success 2.0 (2019), високите очекувања и раната вклученост на семејството го зголемуваат успехот во постигнувањето на лични и професионални цели кај младите со ПОП.

Во основното образование, кариерното советување не значи исклучиво директна подготовка за работа, туку и развивање на лични, социјални и прекариерни вештини — самопознавање, љубопитност, одговорност, комуникација и истрајност. Родителите се тие што можат секојдневно да го поттикнуваат детето да ги развива овие способности преку разговор, заеднички активности и позитивни примери.

32 OECD (2023). Working It Out: Career Guidance and Employer Engagement. OECD Publishing, Paris. DOI 10.1787/3f9c49c1-en

Во процесот на транзиција од основно кон средно образование, семејството има двојна улога:

- да биде емоционална и практична поддршка за ученикот; и
- да соработува со стручните служби (педагог, психолог, специјален едукатор, наставници) во изработка на индивидуален транзициски план, кој ги вклучува интересите, силните страни и потребите на детето.

## Што треба семејствата да знаат и да прават

Практичните насоки се фокусирани на четири клучни области за поддршка:

- Развој на самостојност и идентитет,
- Партнерство со училиштето,
- Развивање на животни и практични вештини и
- Навремено планирање на транзицијата.

1. Развој на самостојност, оптимизам и самозастапување: Целта е детето да ја перцепира својата иднина како достижна и да развие вештини да зборува во свое име.

| Фокус | Активности и Чекори |
|---|---|
| Комуникација на високи очекувања | Покажувајте високи, но реални очекувања. Изразувајте верба дека вашето дете може да учи, да се развива и да постигнува цели. Зборувајте за можности, а не за ограничувања, со цел да се изгради самоефикасност. |
| Самоприфаќање и самозастапување | Помогнете му на детето да ја разбере својата попреченост. Разговарајте отворено за неговите силни страни и предизвици. Охрабрувајте го да изразува мислење и да учи да зборува за своите потреби (самоадвокација). |
| Поставување цели и избор | Поттикнувајте го детето да учествува во планирањето. Заедно дискутирајте за неговите интереси, желби и иднина. Поддржете го да зборува на состаноците за индивидуалниот образовен и кариерен план (ИОП/ИКП), преземајќи активна улога во донесувањето одлуки. |

2. Активно партнерство со училиштето и стручните служби: семејството е главен соучесник и коавтор во сите планови за развој.

| Фокус | Активности и Чекори |
|---|---|
| Учество во Планирањето (ИОП/ИКП) | Активно учествувајте во процесот на советување. Редовно соработувајте со наставниците, педагогот, психологот и специјалниот едукатор. Гледајте ги стручните служби како партнери, а не само како експерти, со кои заедно го градите кариерниот пат. |
| Поддршка на учењето | Бидете активен дел од училиштето. Прашувајте како може дома да го поддржите учењето, следете го напредокот и вклучувајте се во родителски академии или програми за обука за да стекнете знаење за современите инклузивни практики. |
| Креирање поддржувачка средина | Создадете поддржувачка семејна средина каде детето истражува, се информира и учи преку практични задачи. Домот треба да биде место каде се негува самодовербата. |

3. Развивање на животни, социјални и практични вештини кои се основа за идна вработливост и независност.

| Фокус | Активности и Чекори |
|---|---|
| Искуствено учење и одговорност | Охрабрувајте го да учествува во активности што развиваат вештини. Домашните обврски, хоби активностите, волонтерството или училишните проекти го развиваат чувството на одговорност и работна етика. |
| Комуникација и самостојност | Развивајте комуникација и самостојност користејќи секојдневни ситуации. Научете го детето како да се изрази, да побара помош кога му е потребна, да донесе одлука и да преземе иницијатива. |
| Финансиска и практична писменост | Во горните одделенија, развивајте финансиска и практична писменост. Учете го детето за пари, за одговорно однесување, за управување со личните средства и за вредноста на трудот, на возраст соодветен начин. |

4. Навремено управување со транзицијата и ресурси: Подготовката за премин кон средно образование треба да започне рано.

| Фокус | Активности и Чекори |
| --- | --- |
| Информираност за образованието | Запознајте ги правилата и очекувањата за следното ниво. Навремено информирајте се за условите за запишување во средно училиште, за видовите програми и поддршките што ги нуди системот за ученици со ПОП. |
| Активна подготовка за транзиција | Подгответе се за транзицијата. Посетете заедно средни училишта, разговарајте со идните наставници и активно учествувајте во изготвувањето на Индивидуален транзициски план. |
| Градење социјален капитал | Поврзете се со други родители, здруженија и поддржувачки групи. Размената на искуства и информирањето за политики, права и одговорности се клучни за навигација низ процесот на транзиција. |

# 09

# ЗАДАЧИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

## Трансформација на Посебните основни училишта во Основни училишта со ресурсни центри (ОУРЦ)

Во согласност со современите меѓународни стандарди и заложбите на Република Северна Македонија за целосна имплементација на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на детето, започна процес на трансформација на Посебните основни училишта во Основни училишта со ресурсни центри (ОУРЦ). Целта на овој процес е создавање услови за инклузивно образование и еднаков пристап до квалитетно учење за сите деца, без оглед на нивните способности и потреби.

## Потреба од трансформација

До учебната 2022/2023 година, ОУРЦ ја вршеа улогата на училишта кои запишуваат ученици со попреченост, но паралелно ја преземаа и новата функција – подготовка за целосна трансформација во ресурсни центри. Согласно планираната динамика, учениците кои биле запишани до оваа учебна година ќе го завршат основното образование најдоцна до 2030 година, кога ОУРЦ ќе функционираат исклучиво како центри за поддршка.

## Законска основа

Со измените и дополнувањата на Законот за основно образование од 2019 година, посебните основни училишта ја проширија својата дејност и од учебната 2020/2021 година прераснаа во Основни училишта со ресурсни центри. Посебните паралелки беа трансформирани во Центри за поддршка на учењето, со што беше воспоставен нов модел на организација и поддршка на учениците со попреченост.

Дополнително, со измените на Законот во учебната 2024/2025 година, се потврди обврската за опфат на сите ученици со попреченост и обезбедување на соодветни услови за следење на воспитно-образовниот процес и во редовните, и во ресурсните училишта.

## Улога и задачи на ОУРЦ

ОУРЦ претставуваат клучен сегмент во системот на инклузивно образование. Нивната улога е насочена кон обезбедување стручна, организациска и логистичка поддршка за:

- учениците со попреченост,
- наставниот кадар,
- стручните соработници,
- родителите и старателите,
- инклузивните тимови во редовните училишта.

## Задачите на ОУРЦ опфаќаат:

- поддршка и индивидуален третман и рехабилитација на учениците со посебни образовни потреби во предучилишно и основно воспитание и образование, согласно препораката на стручното тело за функционална проценка.

- образование на ученици со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес дел од модифицираната програма да ја следат во основното училиште со ресурсен центар, а согласно со препораката на Меѓународната класификација на функционирањето (во натамошниот текст: МКФ), донесена од Светската здравствена организација.

- поддршка на родители/старатели во инклузивното образование од страна на ресурсен специјален едукатор и рехабилитатор или друг стручен соработник.

- поддршка при учење во домашни услови на ученикот.

- поддршка на семејствата (групи за поддршка, обуки, советување и сл.);

- поддршка на лица (над 18 години) професионална рехабилитација и ориентација, оспособување и вклучување на пазарот на трудот.

- избор, обезбедување и обука на образовни асистенти за поддршка на учењето на учениците

- поддршка и координација со инклузивни тимови од основните општински училишта и центрите за поддршка.

- стручна поддршка/обука и координација на воспитно-образовниот кадар од предучилишните установи за работа со деца со попреченост;

- ресурсни услуги во заедницата: консултативни услуги за сите чинители во инклузивното образование (единици на локална самоуправа, граѓански сектор, бизнис заедницата, меѓуопштински центри за социјална работа, здравствени установи и сл.).

- обезбедување поддршка во изработка на дидактички и наставни материјали.

- обезбедување на услуга за организиран превоз на ученици

- системска поддршка за развој на самостојност и независно живеење.

- Овозможуваат услови за развивање на практични и професионални вештини, неопходни за идно вработување на учениците со попреченост.

- Обезбедуваат континуирана поддршка на учениците со попреченост во општинските основни училишта, како и на сите учесници во нивниот воспитно-образовен процес.

## Законска регулатива

Во насока на унапредување на инклузивното образование и обезбедување поддршка на учениците со посебни образовни потреби, потребно е воспоставување јасна и прецизна законска рамка која ќе ја уреди соработката меѓу основните училишта, ресурсните центри и центрите за поддршка на учењето. Во таа насока, се издвојуваат неколку клучни документи и акти кои ја гарантираат систематичноста, транспарентноста и ефикасноста на процесот:

### Решение за реонизација за соработка на ООУ со ОУРЦ

### Правилник за начин на побарување, селекција и избор  на образовен асистент, како и програма за обука на ОА

### Правилник за норматив, опис на компетенции и работни задачи на ОА

### Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за

### Поддршка на учењето и другите основни училишта

### Договор за соработка и акциски план

### Закон за Основно образование:

Член 17 и Член 18 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) детално ја уредуваат работата на ОУРЦ и Центрите за поддршка на учењето.

- Член 17 утврдува дека училиштата со ресурсен центар обезбедуваат стручна поддршка за учениците со попреченост и учествуваат во реализација на модифицирани програми, односно
- “(1) Училиштето со ресурсен центар ги користи своите материјални и човечки ресурси и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите односно старателите и инклузивниот тим на други основни училишта.
- (2) Наставниот кадар од основното училиште со ресурсен центар од ставот (1) на овој член, учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во основното училиште со ресурсен центар, а согласно со препораката на од системот за проценка на лица со попреченост.
- (3) Во основното училиште со ресурсен центар од ставот (1) на овој член, може да се запише ученик со попреченост кој учи по модифицирана програма, по избор на ученикот, родителот, односно старателот, во соработка со стручните соработници во основното училиште и со инклузивниот тим на основното училиште, а по проценката за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.”
- Член 18 ги дефинира Центрите за поддршка на учењето, нивната улога и организација, како и обврската на општините да обезбедат услови за нивно формирање. Односно:

- “(1) Директорот, во основното училиште каде што има посебни паралелки, формира центар за поддршка на учењето за учениците со попреченост (во натамошниот текст: центарот за поддршка).
- (2) Центарот за поддршка ги користи материјалните и човечките ресурси во училиштето и дава соодветна стручна поддршка на учениците со попреченост, на наставниот кадар, стручните соработници, родителите, односно старателите и инклузивниот тим во другите основни училишта на подрачјето на општината.
- (3) Наставниот кадар од центарот за поддршка учествува и во реализација на дел од модифицираната програма за учениците со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес да посетуваат дел од наставата во центарот за поддршка, а согласно со проценка за попреченост од системот за проценка на лица со попреченост.
- (4) Доколку во општината нема центар за поддршка, а има ученици со попреченост, советот на општината определува во кое основно училиште ќе се формира центар за поддршка, при тоа водејќи сметка за потребниот простор, опремата и кадарот на основното училиште кое се определува како центар за поддршка. “

## Нивоа на поддршка

Основните училишта со ресурсен центар и центрите за поддршка во учењето, преку вклученост на стручни лица од разни профили и воспитно-образовниот кадар од редот на вработените, но и со искористување на ресурсите кои постојат на ниво на локална самоуправа обезбедуваат поддршка при имплементирање на инклузивното образование воследните области:

1 Образование на ученици со комплексни потреби за кои е во најдобар интерес дел од модифицираната програма да ја следат во основното училиште со ресурсен центар, а согласно со препораката на Стручното тело за функционална проценка.

2 Развој на специјализирани услуги достапни за сите деца/ученици со попреченост без разлика на видот на училиште кое го посетуваат: сензорна интеграција, Монтесори педагогија/пристап, Арт терапија и други специјализирани методи за работа со деца со попреченост, употреба на асистивна технологија, логопедски третмани, услуги од специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, социјален работник, психомоторна реедукација, поддршка на ученици и родители/старатели, изработка на прилагодени наставни материјали.

3 Ресурсни услуги во училиштата: обука и ангажирање на образовни и лични асистенти, стручни лица во инклузивни тимови, поддршка на воспитно-образовниот кадар, поддршка на ученици и родители/старатели во инклузивното образование од страна на ресурсен специјален едукатор и рехабилитатор или друг стручен соработник.

4 Ресурсни услуги во заедницата: консултативни услуги за сите чинители во инклузивното образование (единици на локална самоуправа, граѓански сектор,бизнис заедницата, меѓуопштински центри за социјална работа, здравствениустанови и сл.).

5 ОУРЦ функционираат со претходно утврдена реонизација од страна на Министерството за образование.

## Организација и мрежа на Основните училишта со ресурсен Центар

Основните училишта со ресурсен Центар (ОУРЦ) функционираат врз основа на реонизација определена од Министерството за образование. Секое училиште развива сопствен модел за ресурсни услуги во соработка со локалната самоуправа.

Во Република Северна Македонија функционираат пет ОУРЦ:

- ОУРЦ „д-р Златан Сремец“ – Скопје
- ОУРЦ „Иднина“ – Скопје
- ОУРЦ „Маца Овчарова“ – Велес
- ОУРЦ „Кочо Рацин“ – Битола
- ОУРЦ „Климент Охридски“ – Струмица

## Акциски план и соработка

За координација на активностите, ОУРЦ и општинските училишта склучуваат договори за соработка со времетраење од три години. Врз основа на договорот се изготвува акциски план, кој ги дефинира целите, активностите, ресурсите и критериумите за проценка на квалитетот на поддршката.

Со акцискиот план за работа се врши планирање на конкретната поддршка која им е потребна на учениците и родителите/старателите и воспитно-образовниот кадар, при што се дефинираат: целите на поддршката, начините на организација (каде и како ќе се организира поддршката, учесници), конкретните активности, потребните ресурси/средства, критериумите за проценка на квалитетот на конкретната поддршка, доказите за проценка на квалитетот, временската рамка на реализација, одговорни лица/институции.

Севкупната документација произлезена од начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка во учењето и другите основни училишта е во надлежност на училишните инклузивни тимови.

Акциските планови вклучуваат:

- ангажирање стручни лица во инклузивни тимови,
- обезбедување образовни и лични асистенти,
- подготовка на наставни материјали и асистивна технологија,
- спроведување делови од модифицирани програми,
- обуки за наставен кадар,
- развој на програми за специфични вештини кај учениците.

Основните училишта со ресурсен центар (ОУРЦ) имаат клучна улога во обезбедувањето на системска и сеопфатна поддршка за општинските основни училишта, особено во работењето со учениците со попреченост. Тие обезбедуваат стручна и методолошка помош на наставниците, овозможувајќи им да прилагодат наставата според потребите на секој ученик и да имплементираат инклузивни стратегии во редовните училишта. Директорите и стручните тимови во ОУРЦ го координираат процесот на соработка, овозможувајќи ефикасна организација на ресурсите и планирање на активностите за поддршка. Родителите и старателите, пак, добиваат сигурност и поддршка преку стручни консултации, насоки за учење и вклучување во воспитно-образовниот процес на своите деца.

На овој начин, ОУРЦ не само што ја поддржуваат инклузијата на учениците со попреченост, туку и создаваат услови за развој на професионални компетенции кај наставниците, зголемување на ефикасноста на управувањето од страна на директорите и активно учество на родителите. Со тоа се обезбедува холистички и интегриран пристап кон инклузивното образование, кој ја унапредува квалитетноста и достапноста на образованието за сите ученици.

# 10

# ИНДИВИДУАЛЕН ОБРАЗОВЕН ПЛАН (ИОП)

Индивидуален образовен план (ИОП) е специјализиран документ кој има за цел да обезбеди прилагодена поддршка во образованието и воспитувањето на одреден ученик. Овој план се создава во согласност со способностите, можностите и потребите на детето, за да се овозможи неговиот оптимален развој и учење.

Изработката на ИОП подразбира редовно следење и евалуација на напредокот на ученикот, прилагодување на наставните содржини и активности според развојното темпо на детето, со цел постигнување на позитивни резултати.

## Принципи при изработка на ИОП

1. Сеопфатна проценка на детето – се земаат предвид сите аспекти на развојот и животната средина на ученикот.

2. Почитување на желбите на родителите и детето – целта не е да се наметнат обврски, туку да се создаде мотивација и позитивно искуство. Особено е важно за деца од различни културни и социјални средини.

3. Фокус на потенцијалите на детето – активностите се прилагодуваат на силните страни и интересите на детето, со цел да се постигнат мали, остварливи успеси кои ја поддржуваат мотивацијата.

4. Интерес на детето како примарен критериум – секоја активност и цел се поставува со фокус на најдоброто за детето, вклучувајќи образование, мотивација, чувство на успех и социјална интеграција.

## Структура на ИОП

1. Основни информации за ученикот
    - Лични податоци, образовна историја, претходни интервенции, медицински податоци (доколку постојат).
    - Проценка на сегашното ниво на развој во различни области: когнитивна, емоционална, физичка и социјална.
    - Индивидуални карактеристики: способности, интереси, потреби и преференции.
2. Тековно ниво на постигнување
    - Листа на предмети и области во кои ученикот има потреба од поддршка.
    - Силни страни и потреби за секој предмет.
    - Податоци од оценувањето како основа за одлука за поддршка.
3. Идентификација на приоритетни потреби
    - Одредување области каде е најпотребна поддршка.
    - Приоритетите се групираат според развојни цели и препораки од стручни лица.
    - Планирање на конкретни резултати од учењето кои се специфични, мерливи и достижни.
4. Наставни стратегии и стратегии за оценување
    - Опишување на методи, техники и активности.
    - Определување на ресурси, улоги и одговорности на наставници, дефектолози и родители.
5. Временска рамка за спроведување
    - Определување на почеток, текот на активностите и периодот за анализа на напредокот.
6. Извештај за напредокот
    - Континуирано собирање податоци за постигнување на цели.
    - Методи: примероци од изработки, листи за проверка, анегдотски белешки, тестови според критериуми.
7. Имиња и позиции на тимот
    - Тимот кој го изработува и спроведува ИОП (учители, дефектолози, родители).
8. Следење, евалуација и ревидирање
    - Редовна проверка на ефективноста на активностите и прилагодување на ИОП.

## Цели и задачи

- Цели – тоа се очекуваните резултати од ИОП. Може да бидат краткорочни (неделни/месечни) или долгорочни (полугодишни/годишни). Целите треба да бидат јасни, конкретни, мерливи и остварливи, прилагодени на можностите на детето и на ресурсите на училиштето и семејството.

- Задачи – конкретни чекори и активности за постигнување на целите, со одговорност за спроведување, времетраење и место на реализација.

## Документација и евалуација на напредокот

- Следење на напредокот преку собирање податоци и различни методи на оценување.
- Основната средина за спроведување е училницата, но дел од активностите може да се реализираат дома или во сервисни/здравствени центри.
- Оценувањето се заснова на постигнувањата според ИОП, а не само според државните стандарди.
- Описното оценување е мотивирачко и ја поддржува самодовербата на детето.

# 11

# МОДИФИЦИРАНА ПРОГРАМА

Во рамките на специјализираните услуги кои се нудат во Основното училиште со ресурсен центар (ОУРЦ), се опфаќаат и ученици кои имаат потреба од индивидуална поддршка преку примена на модифицирана наставна програма. Оваа програма е создадена за учениците со комплексни потреби и е прилагодена за да го поддржи нивниот индивидуален развој во текот на секој воспитно-образовен период во основното образование. Главната цел на модифицираната наставна програма е да овозможи постигнување на резултати од учењето кои се базирани на компетенции, со кои учениците треба да стекнат и развијат самостојност, личен развој и способности за успешно функционирање во социјалната средина.

Модифицираната наставна програма се изработува од страна на инклузивниот тим на ученик, кој ја оценува индивидуалната способност и потреби на секој ученик со попреченост. Тимот ја прилагодува програмата така што ќе одговара на специфичните потенцијали на ученикот, при што рокот за подготовка е 30 дена од денот на започнување на наставата во училиштето. Програмата се спроведува во согласност со препораките на стручни тела за функционална проценка (МКФ) кои се базираат на критериуми и стандарди утврдени од Светската здравствена организација.

Во процесот на подготовка на модифицираната наставна програма се користат повеќе извори на податоци.

Тоа вклучува:

1. Наставните програми на основното образование, кои се основа за поставување на целите и очекуваните резултати.

2. Педагошкиот профил на ученикот, кој содржи информации за неговите когнитивни, социјални и практични способности, интереси и потреби.

3. Податоците од инклузивниот тим, кои се однесуваат на можностите за прилагодување на наставата и имплементација на специфични мерки за поддршка.

Според Упатството за изготвување на модифицирана програма, наставата за учениците со комплексни потреби се реализира во основните училишта според прилагодена програма, која е индивидуализирана за секој ученик. Во зависност од потребите на ученикот, дел од наставата може да се следи и во училиштата со ресурсен центар или во специјализирани центри за поддршка на учењето кои располагаат со посебно знаење, опрема и услуги за работа со ученици со комплексни потреби.

Евалуацијата на модифицираната наставна програма е клучен дел од процесот и се спроведува најмалку два пати во текот на една учебна година. Целта на евалуацијата е да се анализира:

- Дали наставните цели поставени со програмата се постигнати.
- Дали применетите наставни стратегии и мерки за поддршка се ефективни.
- Дали ученикот развива компетенции за самостојност, личен развој и социјални односи.

Доколку во текот на евалуацијата се утврди дека ученикот не ги постигнува поставените стандарди за оценување или дека наставната програма не ги задоволува неговите потреби, се спроведува ревизија на програмата. Ревидирањето вклучува прилагодување на наставните цели, методите на работа и мерките за поддршка, со цел да се обезбеди ефикасна и индивидуализирана поддршка за развојот на ученикот.

На овој начин, модифицираната наставна програма претставува динамичен и прилагодлив инструмент за поддршка на учениците со комплексни потреби, кој овозможува наставата да се реализира на начин кој ја зголемува самостојноста, личниот и социјалниот развој на секој ученик, со посебен фокус на нивните индивидуални потенцијали и способности.

# 12

# АЛАТКИ ЗА КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ СПОРЕД РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД, ВИДОТ И СТЕПЕНОТ НА ПОПРЕЧЕНОСТ

Кариерното насочување и советување кај лица со попреченост претставува комплексен и индивидуализиран процес, кој мора да ги земе предвид развојниот период на детето, како и видот и степенот на попреченост. Развојот на личните способности, интереси и социјални вештини се различни во зависност од возраста и когнитивните, емоционалните и физичките можности на детето, што значи дека пристапот кон кариерното советување мора да биде флексибилен и прилагоден на конкретната ситуација.

Користењето на алатки во овој контекст игра клучна улога, бидејќи тие овозможуваат систематска проценка на способности, интереси и потенцијал, како и поддршка при донесување на реални и остварливи кариерни цели. Соодветните алатки не само што ги идентификуваат силните страни на детето, туку и овозможуваат прилагодување на методите на учење и ориентација според неговиот вид и степен на попреченост. На овој начин, кариерното советување станува не само инструмент за професионално насочување, туку и механизам за поттикнување на самостојноста, самодовербата и социјалната интеграција на лицата со попреченост.

# Алатаки за кариерно советување и насочување според развоен период

## Ран детски развој (1-3 одделение) кај ученици со попреченост

Периодот од 1-3 одделение претставува критична фаза во развојот на детето, кога се формира самосвеста, основните социјални вештини и првите концепти за лични интереси и способности. За ученици со попреченост, овој развојен период бара индивидуализиран пристап кој ја зема предвид временската зрелост, видот и степенот на попреченост, како и специфичните потреби на секое дете.

Децата со различни попречености (физички, когнитивни, социјални или емоционални) се соочуваат со предизвици при самопознавањето, комуникацијата и социјалната интеракција. Кај деца со аутизам, на пример, можат да постојат потешкотии во вербалната комуникација, разбирањето на социјални сигнали и прилагодување на нови ситуации. Затоа, активностите за самозапознавање мора да бидат интерактивни, визуелно поддржани, структурирани и прилагодени за секое дете, со јасни чекори и предвидливи правила.

## Игри за самозапознавање

Игри за самозапознавање се дизајнирани да им помогнат на децата да ја откријат својата личност, интереси, таленти и чувства. Тие истовремено поттикнуваат самоприфаќање, креативност, развој на социјални вештини и самостојност.

# Примери на активности

## „Кој сум јас?" – Цртање автопортрет

Цел: Подигнување на свеста за сопствениот изглед, карактерни особини и индивидуални интереси.

Материјали: Хартија, бои, моливи, гуми.

Опис на активноста: Детето црта автопортрет, именува делови на лицето и своите карактеристики. Наставникот може да го поттикне детето да зборува за цртежот.

Прилагодувања:

- Физички потешкотии: користење на поголеми бои или дигитални алатки за цртање.
- Когнитивни потешкотии: користење на шаблони или пример автопортрет за водилка.
- Аутизам: јасни чекори, визуелни инструкции, дозволување на фокус на детали што го интересираат (на пр. само очи или насмевка).

## „Моите омилени активности" – Колаж

Цел: Идентификација на интереси и афинитети, развој на креативност.

Материјали: Слики, списанија, лепак, хартија.

Опис на активноста: Децата собираат слики или цртежи кои ги претставуваат нивните омилени активности и ги лепат на хартија за да создадат колаж.

Прилагодувања:
- Визуални потешкотии: користење на тактилни материјали со текстура.
- Когнитивни потешкотии: помош при избор и сортирање на слики.
- Аутизам: ограничен број на избори, јасни категории, визуелни поддршки за процесот

### „Семејството работи“ – Игра на улоги

Цел: Развивање на социјални вештини, емпатија и разбирање на улогите во семејството.

Материјали: Кукли, реквизити, костими.

Опис на активноста: Децата имитираат различни улоги во семејството (родител, брат/сестра, баба/дедо) и прикажуваат секојдневни активности. Може да се воведат сценарија кои бараат соработка или решавање проблеми.

Прилагодувања:
- Физички потешкотии: улоги кои не бараат голема физичка активност.
- Социјални или емоционални потешкотии: започнување со парови или мали групи.
- Аутизам: претходно дефинирани улоги и правила, повторување на сценарија за предвидливост, постепено зголемување на интеракции.

### „Што сакам да правам?“ – Интерактивни картички

Цел: Идентификација на интереси, афинитети и потенцијални таленти.

Материјали: Картички со слики или зборови за различни активности и професии.

Опис на активноста: Детето ги сортира картичките според тоа што сака да прави и објаснува избор. Може да се користи и групна дискусија за споделување идеи.

Прилагодувања:
- Когнитивни потешкотии: помал број картички, едноставни слики.
- Говорни потешкотии: избор со покажување или користење на слики наместо вербално објаснување.
- Аутизам: визуелни поддршки и пиктограми, јасни инструкции, ограничен број на избори, поддршка од наставник при сортирање.

Игри и активности за самозапознавање кај учениците со различни видови на попреченост, вклучувајќи аутизам, се основа за развој на самосвест, креативност и социјални вештини. Со правилно прилагодување на материјали, инструкции и поддршка, овие активности овозможуваат секое дете да ги истражи своите интереси и таленти, да се изрази на свој начин и да се подготви за понатамошниот образовен и социјален развој.

## Средно детство (4-6 одделение)

### Прилагодени прашалници и тестови за кариерно советување

Периодот од 4-6 одделение претставува фаза на средно детство, кога учениците стануваат способни за појасна анализа на сопствените интереси, таленти и способности. Во овој развоен период, децата почнуваат да размислуваат за идни активности, училишни избори и можни професионални патеки. За учениците со попреченост, стандардните алатки за кариерно насочување често се предизвикувачки поради когнитивни, говорни, визуелни или социјални потешкотии.

Затоа се користат прилагодени прашалници и тестови, кои овозможуваат:

- пристапност и разбирливост;
- визуелна поддршка;
- избор на одговори со слики наместо текст;
- поедноставени прашања и кратки инструкции;
- структурирана и предвидлива активност, особено важна за ученици со аутизам и спектар на аутизам.

## Прилагоден Holland тест (RIASEC) за ученици со попреченост

Цел: Идентификација на интереси според шестте типови професии според Holland моделот:

1. Реалистичен (R) – работа со материјали, инструменти, физички задачи.
2. Истражувачки (I) – аналитички, научни активности, истражување.
3. Уметнички (A) – креативни и уметнички изрази.
4. Социјален (S) – работа со луѓе, поддршка, грижа.
5. Претприемачки (E) – лидерство, организирање, продажба.
6. Конвенционален (C) – организација, ред, документи, систематски задачи.

## Прилагодувања за ученици со различни видови попреченост

1. Визуелни елементи
    - Секоја опција се претставува со слика или илустрација.
    - Примери: лабораторија за истражувачки интерес, музички инструмент за уметнички интерес, група деца за социјален интерес.

2. Поедноставени прашања
    - Кратки реченици, директни прашања.
    - Примери: „Што ти е најинтересно?“ наместо сложени формулирани прашања.

3. Опции за одговарање со слики
    - Децата го избираат одговорот со слика, наместо текст.
    - Скала на избор: слика со насмевка („многу ми се допаѓа“), средно лице („малку ми се допаѓа“), тажно лице („не ми се допаѓа“).

4. Поддршка за ученици со аутизам / спектар на аутизам
    - Предвидлив и стабилен формат, повторување на инструкции.
    - Ограничен број на избори за да се избегне преоптоварување.
    - Визуелни чекори, пиктограми и кратки вербални инструкции.

Можност за индивидуална или групна поддршка од наставник/асистент Прилагоден Holland тест (RIASEC) – Средно детство (4-6 одделение)

## Упатство за наставник/кариерен советник:

- Тестот има 24 прашања, 4 за секоја категорија (R, I, A, S, E, C).
- На секое прашање, детето избира слика која најмногу одговара на неговата активност / интерес.
- За ученици со аутизам / спектар на аутизам:
    - Давајте јасни и кратки инструкции.
    - Ограничете го бројот на опции на 2-3 по прашање ако е потребно.
    - Користете визуелни чекори (пиктограми или стрелки) за навигација.
- Може да се работи индивидуално или во мали групи со асист

## Пример на прашања и визуелни опции

1. Реалистичен (R)

- Прашање: „Што сакаш да правиш со твоите раце?"
- Опции:
    1. Слика на дете кое гради со коцки или конструира нешто
    2. Слика на дете кое поправува велосипед
    3. Слика на дете кое игра со топка

2. Истражувачки (I)

- Прашање: „Што сакаш да истражуваш?"
- Опции:
    1. Слика на лабораторија со хемиски шишиња
    2. Слика на дете кое гледа низ микроскоп
    3. Слика на дете кое чита книга за животни

3. Уметнички (A)

- Прашање: „Што сакаш да создаваш?"
- Опции:
    1. Слика на дете кое црта слика
    2. Слика на дете кое свири инструмент
    3. Слика на дете кое танцува

4. Социјален (S)

- Прашање: „Што сакаш да правиш со другите?"
- Опции:
    1. Слика на дете кое помага на другар
    2. Слика на дете кое игра во група
    3. Слика на дете кое чита приказна на другар

5. Претприемачки (E)

- Прашање: „Што сакаш да водиш или организираш?"
- Опции:
  1. Слика на дете кое планира игра или настан
  2. Слика на дете кое продава нешто на штанд
  3. Слика на дете кое зборува пред група деца

6. Конвенционален (C)

- Прашање: „Што сакаш да средуваш или организираш?"
- Опции:
  1. Слика на дете кое средува папки или книги
  2. Слика на дете кое сортира предмети
  3. Слика на дете кое ја пополнува табела

## Упатство за оценување

- Детето ги брои своите избори за секоја категорија.
- Најмногу избрани слики во категоријата покажуваат доминантен интерес.
- Може да се комбинираат две доминантни категории за поточен профил на интереси.
- Резултатите се користат за кариерно советување: избор на активности, училишни клубови, слободни активности и подготвка за идни професионални интереси.

## Прилагодувања за попреченост и аутизам

- Когнитивни потешкотии: користење на ограничен број опции (2-3) и поедноставни слики.
- Физички потешкотии: можност за дигитално одбирање со таблет или покажување со прст.
- Аутизам / спектар на аутизам: стабилни инструкции, визуелни чекори, повторување на правила, предвидливост на секој дел од тестот.?


ПРИЛАГОДЕН HOLLAND ТЕСТ (RIASEC)
СРЕДНО ДЕТСТВО (4-6 ОДДЕЛЕНИЕ)
ШТО НАЈМНОГУ САКАШ ДА ПРАВИШ ВО ТВОЕТО СЛОБОДНО ВРЕМЕ?
ИЗБЕРИ ГИ СЛИКИТЕ КОИ НАЈМНОГУ ОДГОВАРААТ НА ТВОИТЕ ИНТЕРЕСИ?
РАЗГЛЕДАЈ ЈА СЕКОЈА СЛИКА И СТАВИ КРУГ ОКОЛУ СЛИКАТА КОЈА НАЈМНОГУ ТИ ОДГОВАРА
РЕАЛИСТИЧЕН (R)
Што сакаш да правиш најмногу со твоите раце?
ИСТРАЖУВАЧКИ (I)
Што сакаш да истражуваш?
УМЕТНИЧКИ (А)
Што сакаш да создаваш?
СОЦИЈАЛЕН (S)
Што сакаш да правиш со другите?

# Прашалник за самооценување:

# „Колку добро можам да...?“

Инструкции:

Прочитај ја секоја задача и обележи го смешкото кој најмногу те опишува.

Скала:

Ми е многу тешко

Можам малку, со помош

Добро се снаоѓам

Многу добро можам

## 1. Дневни и лични вештини

- Колку добро можам да се облечам сам/а?
- Колку добро можам да ја спакувам мојата училишна/работна торба?
- Колку добро можам да ја организирам својата работна маса?
- Колку добро можам да користам часовник или календар за да знам распоред?

## 2. Комуникациски вештини

- Колку добро можам да поздравам некого (кажам „Здраво“)?
- Колку добро можам да објаснам што ми е потребно?
- Колку добро можам да слушам додека друг зборува?
- Колку добро можам да разговарам со наставник/возрасен кога имам проблем?

## 3. Социјални вештини

- Колку добро можам да чекам на ред?
- Колку добро можам да работам во група со други ученици?
- Колку добро можам да споделам материјали (на пр., боички, алати)?
- Колку добро можам да кажам „Благодарам“ или „Извини“?

### 4. Вештини за учење и работа

- Колку добро можам да следам упатство со 2–3 чекори? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да завршам задача до крај? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да користам компјутер/таблет за учење? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да решавам проблем кога нешто не ми успева веднаш? 😟 😐 🙂 😌

### 5. Практични животни и работни вештини

- Колку добро можам да ракувам со пари (плаќање во продавница)? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да користам јавен превоз или да најдам пат? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да помогнам со едноставна домашна работа (бришам маса, средувам)? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да користам алати/материјали на практична настава (ножици, лењир, прибор)? 😟 😐 🙂 😌

### 6. Саморегулација и самостојност

- Колку добро можам да се смирам кога сум вознемирен/а? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да барам помош кога ми е потребна? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да се сетам на моите силни страни? 😟 😐 🙂 😌
- Колку добро можам да кажам што сакам да правам во иднина? 😟 😐 🙂 😌

### Простор за размислување (со поддршка од наставник/советник)

- Најдобро се снаоѓам кога... ________________________
- Сакам да научам повеќе за... ________________________
- Ми е најтешко кога... ________________________

### Овој прашалник може да се прилагоди:

- Со слики/пиктограми наместо текст за ученици со аутизам.
- Со помалку/повеќе прашања според возраста.
- Може да се користи како основа за разговор со ученикот и неговите родители.

# Период на транзиција ( од 7-9 одд)

Периодот на транзиција од 7 до 9 одделение претставува значаен развоен момент за учениците, бидејќи во овој временски распон тие постепено се подготвуваат за поголема самостојност, одговорност и донесување одлуки поврзани со своето образование и иднина.

Токму во овој период е важно да се понудат симулативни задачи и практични активности кои ќе им помогнат:

- да ги препознаат и развиваат своите лични и социјални вештини,
- да стекнат практични искуства поврзани со секојдневниот живот и работна средина,
- да ја зајакнат самодовербата и способноста за донесување одлуки,
- да научат како да ги користат своите силни страни за да се справат со предизвици.

Овие активности се дизајнирани да обезбедат постепено, безбедно и поддржано преминување кон поголема самостојност и зрелост. Преку комбинација од симулации на реални ситуации (на пр. користење јавен превоз, купување во продавница, организација на училишни обврски) и практични вежби (тимска работа, решавање проблеми, донесување избори), учениците добиваат можност активно да учат и да применуваат знаење во реален контекст.

### Што се работни симулации?

Работните симулации се мини работни средини кои се поставуваат во училиште или училница со цел учениците да искусат различни професии и работни задачи во безбедна и поддржана средина.

Целта е:

- учениците да запознаат различни професии;
- да развијат работни вештини (организација, комуникација, тимска работа, одговорност);
- да идентификуваат свои интереси и способности;
- да се подобри подготовката за идно вработување или избор на професија.

За учениците со попреченост, овие симулации се особено важни, бидејќи овозможуваат практично учење и адаптација на работни задачи според нивните потреби

# Примери на мини работни средини

### Библиотека

Цел: развивање на организациски, информативни и комуникациски вештини.

Што се прави:
- учениците подредуваат книги по категории;
- издавање и враќање на книги;
- помагање на „читатели“ (други ученици) да најдат книга;
- етикетирање и сортирање нови книги.

Пример за задача: „Помогни на ученикот да најде книга за животни за проектот по биологија.“

### Продавница

Цел: развивање на вештини за продажба, комуникација и математика.

Што се прави:
- работење на „касата“ со лажни пари;
- сортирање на производи и поставување на рафтови;
- добредојде на „клиенти“ и помагање при избор на производи;
- водење на едноставни сметки (сметки, попусти).

Пример за задача: „Продадете три производи и пресметајте вкупната цена за клиентот.“

### Канцеларија

Цел: развивање на организациски, административни и комуникациски вештини.

Што се прави:
- примање и одговарање на повици/пораки;
- сортирање документи;
- водење на едноставна евиденција;
- пишување кратки известувања или пораки.

Пример за задача: „Запиши кои ученици се пријавиле за спортскиот клуб и внеси ги во регистарот.“

### Кујна / кафетерија

Цел: развивање на практични, организациски и социјални вештини.

Што се прави:
- подготвување едноставни оброци или закуски;
- сервирање на храна;
- одржување на хигиена и чистота;
- работа во тим.

Пример за задача: „Подготви сендвич за колега и стави го на соодветната маса.“

### Принципи за адаптација за ученици со попреченост

1. Јасни инструкции: користење на чекори со слики или симболи.
2. Поддршка од наставник или асистент: за задачи кои се потешки.
3. Прилагодени задачи: според нивните способности (на пример, лесно сортирање наместо сложено броење).
4. Безбедна средина: просторот треба да биде лесно достапен и без ризици.
5. Позитивно охрабрување: фокус на напредок и учење, а не само на резултат.

### Бенефити за учениците

- Подобрување на социјални и практични вештини;
- Разбирање на различни професии;
- Подобра подготовка за реално работно место;
- Зголемување на самодовербата и автономијата.

## План за една недела – Работни симулации (7-9 одделение)

### Библиотека

Цел: Организација на книги, развивање на комуникациски и информативни вештини.

Активности:

1. Вовед и објаснување на задачата (5 мин)
    - Што е библиотека, што прават библиотекарите.

2. Подредување книги по категории (20 мин)
    - Користење на слики или етикети за лесно сортирање.

3. Издавање и враќање на книги (15 мин)
    - Наставникот или асистентот игра „читател“.

4. Практична задача (10 мин)
    - „Помогни на ученикот да најде книга за животни/наука/приказни.“

5. Рефлексија (5 мин)
    - Разговор за тоа што научиле и што им било интересно.

### Продавница

Цел: Продажба, сметки, комуникација и организација.

Активности:

1. Вовед и објаснување на задачата (5 мин)
    - Што е продавница, што прави продавачот.

2. Сортирање и поставување производи на рафтови (15 мин)

3. Работа на „касата“ (20 мин)
    - Сметање со лажни пари; помош од наставник/асистент ако е потребно.

4. Практична задача (10 мин)
    - „Продадете три производи на колега и пресметајте вкупната цена.“
5. Рефлексија (5 мин)
    - Разговор за тоа што било лесно, а што тешко

## Канцеларија:

Цел: Организација, административни и комуникациски вештини.

Активности:

1. Вовед (5 мин)
    - Што е канцеларија, што работат административните работници.

2. Сортирање документи (15 мин)

3. Внесување податоци во едноставен регистар (15 мин)
    - На пример, список на ученици за активност или клуб.

4. Пишување кратки пораки/известувања (10 мин)

5. Рефлексија (5 мин)
    - Што било интересно, која задача им се допаднала.

Кујна / кафетерија

Цел: Практични, организациски и социјални вештини.

Активности:

1. Вовед (5 мин)
    - Што се прави во кујна или кафетерија.

2. Подготовка на едноставни оброци или закуски (15 мин)
    - На пример, сендвичи, овошје, сокови.

3. Сервирање на храна и одржување на чистота (15 мин)

4. Тимска задача (10 мин)
    - „Подготви сендвич за колега и стави го на маса."

5. Рефлексија (5 мин)
    - Како се чувствувале и што научиле.

## Комбинирана практика и рефлексија

Цел: Поврзување на сите работни средини и идентификување на интереси.

Активности:

1. Кратко повторување на сите работни средини (10 мин)

2. Учениците избираат една средина за повторно практикување (20 мин)

3. Завршни задачи и самопроценка (15 мин)
    - На пример, „Кои вештини ги научив? Каде сакам да работам во иднина?"

4. Разговор и фидбек (10 мин)
    - Наставникот/асистентот да ги охрабри и да дава позитивна повратна информација.

### Совети за успешна реализација

- Користете пиктограми и визуелни инструкции за задачи.
- Поставете прилагодени работни места според физички и когнитивни потреби.
- Обезбедете асистенција за тешки задачи.
- Фокусирајте се на позитивно охрабрување и самопроценка.

## Проектни задачи

### Тимска работа за решавање на реални проблеми

- Учениците се групираат во мали тимови според нивните интереси и способности.
- Секој тим добива едноставен и јасно дефиниран проблем (на пр. како да се организира училишна пауза без отпад, како да се подобри училницата со украсување, како да се направи постер за безбедност).
- За ученици со ниско функционален аутизам се користат визуелни упатства, слики, кратки чекори и моделирање за полесно разбирање.
- Целта е развивање на социјални вештини, соработка и чувство на придонес.
-

### Организирање на настан

- Учениците заеднички планираат мал настан (на пр. изложба на цртежи, ден на спортски активности, презентација на проектите).
- Задачите се поделени по ниво на способност:
  - ученици со повисока функционалност можат да помогнат со организација, покани или комуникација;
  - ученици со ниско функционален аутизам може да учествуваат со изработка на визуелен материјал, уредување простор или практични активности.
- Со тоа се поттикнува учество во заедницата и самодоверба.

### Создавање производ

- Проект: изработка на едноставен производ (рачно изработени честитки, накит, саксии за цвеќиња, креативни постери).
- Производот може да се презентира или продаде во рамки на училишен мини-базар.
- Учениците учат практични вештини, креативност и можности за самовработување во иднина.
- За учениците со ниско функционален аутизам се користат структурирани задачи со јасен почеток и крај, што им помага да ја завршат активноста со успех.

### Планирање буџет

- Со поддршка, учениците вежбаат основи на финансиска писменост:
  - Пресметување на потребни материјали за настан/производ.
  - Споредба на цени преку визуелни табели.
  - Следење на потрошените средства.
- За ученици со ниско функционален аутизам: активности се адаптираат со помош на слики со пари, монети од пластика, едноставни математички примери.
- Целта е развивање на самостојност и практични животни вештини.

Овие проектни задачи не само што градат професионални и животни компетенции, туку и ја поттикнуваат инклузијата, заедништвото и вербата во сопствените можности на учениците со попреченост.

# Структурирани интервјуа со професионалци

## Општа структура

- Претставување на професионалецот (име, професија, каде работи).
- Објаснување со визуелна поддршка (слика од работното место, алатки, униформа).
- Поставување на прашања според ниво на способност.
- Кратка демонстрација (ако е можно: алатка, предмет, видео).
- Заклучок: што прави овој професионалец, кои вештини се потребни.

## Пример професии

Учители можат да поканат:

- Наставник
- Пекар/готвач
- Медицинска сестра
- Занаетчија (шивач, дрводелец)
- Информатичар
- Чистач/одржувач на средина
- Продавач

# Нивоа на прашања

## Основно интервју (ниско функционален аутизам)

Користење на визуелни карти со слики/пиктограми.

- Како се викаш? (слика од личност)
- Што работиш? (слика од професија)
- Каде работиш? (слика од работно место)
- Кои алатки/предмети ги користиш? (слики од алатки/објекти)
- Дали ти се допаѓа твојата работа? (слика)

Пример:
Наставникот покажува слика од лажица и прашува пекар: „Го користиш ли ова?“ – професионалецот одговара „Да“.

## Средно интервју (умерени комуникативни способности)

Прашања со избор на одговор.

- Зошто ја одбра оваа професија?
  а) Сакав да помагам на луѓе
  б) Сакав да работам со раце
- Што ти е најлесно/најтешко во работата?
- Колку време треба за да научиш оваа работа?
- Дали работиш сам или во тим?

Пример:
Информатичарот може да покаже компјутер и да каже: „Најчесто работам сам, но некогаш и во тим.“

### Напредно интервју (високо функционален аутизам и ученици со добра комуникација)

Отворени прашања за развој на критичко размислување.

- Опиши го твојот работен ден од почеток до крај.
- Кои се најважните вештини што треба да ги има човек за оваа работа?
- Како изгледа твоето работно место?
- Дали понекогаш е тешко? Како се справуваш со тоа?
- Кој совет би им го дал на учениците што сакаат да ја работат оваа професија?

### Дополнителни прилагодувања

- За сите нивоа:
    - Користење на слики, предмети или кратки видеа.
    - Подготвување на прашањата однапред (со карти).
    - Ограничување на времетраење (5–15 минути според нивото).

- За ниско функционални ученици:
    - Повеќе демонстрација, помалку зборови.
    - Едноставни „да/не“ прашања.

- За високо функционални ученици:
    - Поттик за дискусија и самостојни прашања.
    - Пишување кратка белешка по интервјуто (рефлексија).

Во процесот на кариерно советување и насочување, една од клучните задачи на наставниците, стручните соработници и советниците е да ги препознаат индивидуалните потреби на учениците и да ги прилагодат ресурсите според видот и степенот на попреченоста. Секој ученик е различен и носи свој уникатен профил на способности, интереси и предизвици. Затоа, пристапот мора да биде флексибилен, инклузивен и прилагоден.

## Поделба според вид на попреченост

- Физичка попреченост – Овие ученици често немаат пречки во когнитивниот развој, но имаат потреба од физички прилагодувања: пристапни простори, помагала за движење, соодветни работни станици. Во кариерното советување, фокусот се става на професии кои се изводливи со адаптација на работното место и употреба на асистивна технологија.

- Сензорна попреченост (оштетен вид, слух) – За ученици со оштетен вид се користат звучни и тактилни материјали, додека за ученици со оштетен слух се потребни визуелни ресурси и јасна невербална комуникација. Во кариерното насочување е важно да се презентираат професии кои може да се адаптираат преку технологија или поддршка од околината.

- Интелектуална попреченост – Овие ученици најдобро учат преку едноставни, повторливи задачи и практична демонстрација. При советување, потребно е кариерните патеки да бидат структуирани и поврзани со конкретни, рутински работни задачи.

- Аутизам (спектар на аутизам) – Аутистичниот спектар опфаќа голема разновидност:
    - Високо функционален аутизам/Аспергеров синдром – учениците имаат просечни или надпросечни интелектуални способности, но можат да имаат потешкотии во социјалната комуникација и сензорната интеграција. Кај нив советувањето вклучува развој на специфични интереси во професионална насока (на пр. технологија, математика, уметност), со дополнителна поддршка во социјални вештини и тимска работа.
    - Средно и ниско функционален аутизам – потребна е силна визуелна поддршка, едноставни инструкции и структуриран распоред. Фокусот е на стекнување основни животни и работни вештини, преку постепено зголемување на сложеноста на задачите. Советувањето мора да биде практично, со работни станици и симулации од реалниот живот.

### Поделба според степен на попреченост

- Лесен степен – Учениците можат да разберат поширoки информации, да учествуваат во дискусии и да истражуваат различни професии. Потребно е советување со нагласок на развивање критичко размислување и донесување одлуки.
- Умерен степен – Учениците имаат потреба од повеќе структури и поддршка. Се користат визуелни материјали, едноставни текстови, практични задачи и повторувања. Кариерното насочување е фокусирано на конкретни примери и рутини.
- Тежок степен – Советувањето се базира на практична работа, директно искуство и менторство. Учениците можат да учествуваат во ограничени, но значајни задачи, со поддршка на наставник или асистент. Тука целта е стекнување на чувство за припадност, корисност и самостојност во едноставни активности.

### Прилагодување на ресурсите

За секоја категорија се користат различни ресурси:

- Визуелни материјали (картички, инфографици, видеа) за разјаснување на професии и задачи.
- Практични демонстрации и симулации на работни процеси.
- Работни станици со различно ниво на сложеност.
- Менторство од наставници, врсници или професионалци.
- Индивидуални планови што ја следат мотивацијата и способностите на ученикот.

## Препораки за клучна имплементација

### Индивидуализиран пристап

- Секој ученик има различни потреби, способности и интереси.
- Пред воведување на алатките, потребно е почетна процена (набљудување, разговор со родител/старател, проценка од стручни лица).
- Алатките треба да се прилагодат на ниво на разбирање и комуникативни вештини:
  Ниско функционални ученици → визуелни упатства, кратки чекори, практична демонстрација.
  Високо функционални ученици → повеќе дискусија, анализа и самостојни избори.

### Комбинирање на визуелни и практични алатки

- Визуелни материјали (картички со професии, инфографици, видеа) треба да се користат за да се појасни што е професија и кои се задачите.
- Практични демонстрации (работни станици, симулации на работни задачи, менторство од професионалци или врсници) ја претвораат теоријата во реално искуство.
- Секогаш започни со визуелна поддршка → потоа практична активност → завршна рефлексија (што научив, што ми се допадна).

### Постепеност и структурираност

- Алатките треба да се воведуваат постепено – од наједноставни кон покомплексни.
- Користи структуриран распоред (што следува, колку трае, што е крајна цел).
- За ученици со аутизам, предвидливоста и рутината се клучни за намалување на анксиозноста.

### Инклузивна средина и тимска работа

- Алатките треба да поттикнуваат социјална интеракција и соработка: групни активности, мали тимови, заеднички решенија на проблеми.
- Врсничката поддршка (менторство од постари ученици) е важен дел од имплементацијата.
- Вклучувањето на учениците со попреченост во активности заедно со врсници без попреченост гради чувство на припадност и подеднакви можности.

### Реалистични цели и функционални вештини

- Алатките треба да бидат насочени кон практични и изводливи кариерни опции, во согласност со реалните способности и можности на ученикот.
- Фокус на функционални животни и работни вештини (одржување на ред, основни финансиски пресметки, работа во тим).
- Изборот на професии треба да биде поврзан со интересите, но и со достапните можности во локалната заедница.

### Вклучување на семејството и заедницата

- Родителите/старателите треба да бидат активно вклучени во процесот, бидејќи најдобро ги познаваат силните страни и потребите на ученикот.
- Локалната заедница (работодавци, занаетчии, институции) може да понуди кратки практикантства, посети или демонстрации.
- Со тоа, алатките стануваат реално поврзани со идните работни можности.

### Континуирана евалуација и флексибилност

- Имплементацијата на алатките бара редовно следење:
  - Што функционира?
  - Што треба да се прилагоди?
  - Дали ученикот напредува во разбирање и вештини?
- Советниците и наставниците/специјални едукатори и рехабилитатори треба да бидат флексибилни и да го менуваат пристапот според реакциите и напредокот на ученикот.

## Поддршка на социјално-емоционалниот развој

- Кариерното советување не е само избор на професија, туку и градење самодоверба, мотивација и чувство на вредност.
- Алатките треба да вклучуваат позитивна повратна информација и нагласување на успехот.
- Кај учениците со аутизам е важно да се создаде средина без преголеми сензорни стимули и со јасна структура за комуникација.

# Користена литература

An holistic approach to person-centered planning for Autism http://www.autismholistic.eu/

Berry, T. (2020). Applying universal design as a pathway to inclusive career education. New Brunswick's Future Ready Learning K-12 strategy aims to meet needs of all learners. https://ceric.ca/2021/01/applying-universal-design-as-a-pathway-to-inclusive-career-education/

CAST (2024). Universal Design for Learning Guidelines version 3.0. Retrieved from https://udlguidelines.cast.org

Cedefop; ETF; European Commission (2021). Investing in career guidance: revised edition 2021. Inter-Agency Working Group on Career Guidance WGCG. https://www.cedefop.europa.eu/en/publications/2230

Council of the European Union (2008). Resolution on Better Integrating Lifelong Guidance into Lifelong Learning Strategies. Official Journal of the European Union, C 319/02. https://www.consilium.europa.eu/uedocs/cms_data/docs/pressdata/en/educ/104236.pdf

ELGPN (2015). Guidelines for Policies and Systems Development for Lifelong Guidance: A Reference Framework for the EU and the OECD. Jyväskylä: Finnish Institute for Educational https://www.elgpn.eu/publications/browse-by-language/english/elgpn-tools-no-6-guidelines-for-policies-and-systems-development-for-lifelong-guidance/

O'Brien C. L. & O'Brien J. (2000) The origins of person-centered planning: a community of practice perspective. In: Person-Centered Planning: Research, Practice, and Future Directions (eds. S. Holburn & P. Vietze). Paul H Brookes, Baltimore.

OECD (2004), Career Guidance and Public Policy: Bridging the Gap, Paris.

OECD (2021). Career Readiness: Why It's Important and How to Support It. https://www.oecd.org/education/career-readiness/

OECD (2023). Working It Out: Career Guidance and Employer Engagement. OECD Publishing, Paris. DOI 10.1787/3f9c49c1-en

Panou, O. (2024). Counseling and Vocational Guidance to Children with Special Educational Needs. University of Alicante.

Quirke, M. C. (2024). How the Learning Experience of People with Disabilities Can Inform Career Guidance. Trinity College Dublin.

UNICEF; ETF (2024) Learning for Careers. What kinds of career guidance and career education services do young people want in Europe and Central Asia? https://www.unicef.org/eca/reports/learning-careers

Watts, A. G. (1996). Rethinking careers education and guidance: theory, policy and practice. Psychology Press.

Коваческа, Маркоски и Шкоф (2024), Кариерно советување во основно, средно и високо образование. https://euroguidance.eu/publication-career-counseling-in-primary-secondary-and-higher-education

МОН (2020). Програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение.

https://portal.mdt.gov.mk/post-body-files/pravilnici-mon-file-TxsY.pdf

МОН (2025). Закон за основното образование. Службен весник на Република Северна Македонија, бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25

МОН. (2020). Концепција за инклузивно образование

МЦГО (2016). Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници https://www.mcgo.org.mk/pub/Kompetencii_standardi_za_strucni_sorabotnici_MK.pdf

euro | guidance

*РАМКАТА ЗА КАРИЕРЕНО СОВЕТУВАЊЕ И НАСОЧУВАЊЕ НА ДЕЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ Е ИЗРАБОТЕНА ОД СТРАНА НА ЕКСПЕРТИТЕ ЈАСМИНА ЛУКАНОВСКА И ИВАНА ВАСИЛЕВСКА ПЕТРОВСКА*

*ИСТАТА Е ПОДДРЖАНА ОД СТРАНА НА ЕВРОГАЈДЕНС ЦЕНТАРОТ ПРИ НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ*

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ